ТРАНСПАРЕНТНОСТ
МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

20 ГОДИНИ

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

# ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО ФИНАНСИРАЊЕТО НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ

## ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

Фондацијата Отворено општество – Македонија (ФООМ) беше основана од Џорџ Сорос во октомври 1992 година, како претставништво на странско правно лице, со мисија чијашто срцевина остана непроменета до денес – промовирање на концептот на отворено општество во Македонија. Во 1999 година беше регистрирана како национално правно лице – фондација, во согласност со Законот за здруженијата на граѓани и фондации. ФООМ е дел од Соросовата мрежа во централна и во источна Европа. Приоритет на Фондацијата е да придонесува за внатрешна интеграција на Македонија како предуслов за интеграција во ЕУ.

Фондацијата ја продолжува својата заложба за зајакнување на изгледите на Македонија за членство во ЕУ, преку негување на внатрешната интеграција како предуслов за тоа. Посветена на промоцијата и поддршката на отвореното општество, преку сите програмски области: образование, право, јавна администрација и локална самоуправа, граѓанско општество, јавно здравство, информации и медиуми, ФООМ спроведува широк спектар иницијативи кои варираат од изградба на капацитети до проекти за јавни политики и социјално застапување. Одговарајќи на различните потреби на целните групи, а особено на младите, Ромите и на социјално маргинализираните групи, ФООМ соработува со другите НВО, со меѓународните институции и со донаторите, сè во насока на преземање акции кои ја негуваат одржливата демократија.

## ТРАНСПАРЕНТНОСТ МАКЕДОНИЈА

Транспарентност Македонија (ТМ) е непрофитна, невладина организација која ја промовира јавноста и транспарентноста и се бори за сузбивање на корупцијата. Формирана во ноември 2001, ТМ низ сите свои проекти континуирано работи на остварување на својата мисија и создавање промени за Македонија, во која владее правото и е без корупција. Во таа смисла, задачите на ТМ се јакнење на доброто владеење на национално и на локално ниво, подобрување на антикорупциските стандарди и практики во државниот сектор, промоција на антикорупциските стандарди во политичките партии, деловниот и граѓанскиот сектор, подигнување на свеста на јавноста за антикорупција и градење на антикорупциски партнерства и мрежи.

Во моментов ТМ работи на неколку проекти, и тоа: Месечни извештаи за состојбите во борбата против корупцијата и криминалот и состојбата со транспарентноста во општеството, Транспарентноста во сопственичката структура на медиумите во Република Македонија и Транспарентноста во финансирањето на политичките партии.

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

# ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО ФИНАНСИРАЊЕТО НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ

**јануари, 2012**

Издава:
Фондација Отворено општество – Македонија

За издавачот:
Владимир Милчин, Извршен директор

Подготвил:
Транспарентност Македонија
www.transparentnost-mk.org.mk
info@ transparentnost-mk.org.mk

во соработка со
Фондација Отворено општество – Македонија
www.soros.org.mk
pravo@soros.org.mk

Уредници:
Искра Андреева
Неда Коруновска Аврамовска
Данче Даниловска - Бајдевска

Лектура:
Абакус

Ликовно-графичко обликување:
Давор Мирковиќ

Тираж:
300

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

329.073.52:005.332.5(497.7)”2010/1”(047)

ТРАНСПАРЕНТНОСТ во финансирањето на политичките партии : годишен извештај / [уредници Искра Андреева, Неда Коруновска Аврамовска, Данче Данаиловска- Бајдевска]. - Скопје : Фондација отворено општество - Македонија, 2012. - 52 стр. : илустр. ; 21 см

Фусноти кон текстот. - Содржи и: Прилози

ISBN 978-608-218-128-8

а) Политички партии - Финансирање - Транспарентност - Македонија - 2010-2011 - Извештаи
COBISS.MK-ID 90467850

## СОДРЖИНА


**6. ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО ФИНАНСИРАЊЕТО НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ**
**7. МЕТОДОЛОГИЈА НА НАБЉУДУВАЊЕТО**
**7.** Кому му се обративме за информации/ Од кого баравме информации
**8.** Кои информации ги баравме
**9.** Прашања до надлежните институции

**10. ЗА ФИНАНСИРАЊЕТО НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ**
**10. Тековно финансирање**
**10.** Како се финансираат политичките партии
**12.** Кој и како го контролира тековното финансирање
**13.** Што ако се прекршат правилата

**13. Финансирање за време на изборите**
**14.** Како се финансираат изборните кампањи
**15.** Кој и како го контролира финансирањето на изборните кампањи
**15.** Санкции: од глоба до казна затвор

**16. Недостатоци во законската рамка и препораки од ГРЕКО**

**18. РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО**
**18. ТЕКОВНО ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ ЗА 2010 И 2011**
**18. Годишен финансиски извештај за 2010 година и прв квартален извештај за добиените донации за 2011 година (прв бран испратени барања)**
**18.** Поразителни 15 % од политичките партии одговорија во законскиот рок
**18.** Неможност за доставување на барањата – примачот е непознат, преселен, известен
**19.** Партиите и институциите
**21.** Комисијата за слободен пристап до информациите од јавен карактер- жалби, решенија за отфрлање, тужби

**22. Втор квартален извештај за добиените донации за 2011 година (петти бран испратени барања)**
**22.** Барања, одговори и недостапност
**23.** Партиите и институциите

**24. Транспарентност во тековното финансирање на политичките партии – проблеми, карактеристики, трендови**

**25. ФИНАНСИРАЊЕТО НА ИЗБОРИТЕ 2011**

**26.** Одговори од организаторите на изборните кампањи и од надлежните институции

**28.** Организаторите на изборната кампања и институциите
**28.** Што најдовме во финансиските извештаи?

**30. Транспарентност во финансирањето на изборните кампањи – проблеми, карактеристики, трендови**

**31. НАДЛЕЖНИТЕ ЗА ФИНАНСИРАЊЕТО НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ**

**36. ЗАКЛУЧОЦИ**
**36. Моментална состојба**
**38. Потребно е засилување на контролните механизми**

**40. Прилози**

**40.** Прилог 1: Единствен судски регистар на политички партии
**49.** Прилог 2: Приказ на испратените барања до политичките партии, организаторите на кампањи и институциите
**51.** Прилог 3: Одлука за надоместок на трошоците на организаторите на изборната кампања

# ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО ФИНАНСИРАЊЕТО НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ

Политичките партии, како столбови на современите демократии преку кои се изразува политичката волја на граѓаните, се клучни за генерирањето активни политички актери и создавањето политики кои преку избори и легитимно владеење прераснуваат во политички решенија. Оттука, како креатори на политичкиот живот во едно општество, политичките партии се потенцијални носители не само на моќ, туку и на одговорност за негување на демократските принципи. Сосема е јасно дека за остварувањето на основните функции на партиите се потребни значителни и соодветни финансиски средства, меѓутоа нивното обезбедување мора да биде регулирано со законска рамка која, сепак, овозможува фер и демократски политички натпревар меѓу различни политички програми и опции. Токму затоа, начинот и контролата на финансирањето на политичките партии е важно за создавањето и одржувањето стабилен и легитимен политички систем во кој ќе владеат принципите на владеење на правото, демократијата, почитувањето на човековите права, еднаквоста и социјалната правда.

Со донесувањето на низа закони и прифаќањето на меѓународните стандарди од оваа област[1], Република Македонија се обврза да обезбеди еднаков пристап на политичките партии до изворите за финансирање, како и ефикасен контролен механизам што ќе гарантира одговорност, јавност и транспарентност во финансирањето на политичките партии. Сепак, постоечките анализи, како домашни така и меѓународни, укажуваат на недоследности во остварувањето на овие цели.[2]

ТМ и Фондацијата Отворено општество - Македонија (ФООМ) во 2011 го спроведуваа проектот „Транспарентност во финансирањето на политичките партии“, преку кој континуирано се следеше и се анализираше финансирањето на политичките партии. Свесни за тоа дека станува збор за комплексна операција, наша главна цел беше да ги идентификуваме сите неправилности и кршењето на законските норми, недостатоците во законската рамка, но и недостигот од транспарентност и јавност во работата на политичките партии. Понатаму, цел на проектот беше да се формулираат конкретни препораки, кои - доколку бидат имплементирани - ќе ги отстранат евидентираните недостатоци во финансирањето на политичките партии. Некаде на средината од реализацијата на проектот изготвивме еден периодичен извештај што беше претставен на тркалезна маса на која беа поканети повеќе експерти, претставници на надлежните инситуции, како и претставници на политичките партии. Покрај нашите наоди, овој конечен извештај ги вклучува и гледиштата на експертите и на надлежните институции.

---

[1] Република Македонија е членка на ГРЕКО и е потписник на Конвенцијата на Обединетите нации за борба против корупцијата.
[2] Подолу во извештајот ќе се зборува за препораките од ГРЕКО, како и за Извештајот на Европската комисија за напредокот на РМ за 2011.

# МЕТОДОЛОГИЈА НА НАБЉУДУВАЊЕТО

Нема сомнение во тоа дека парите и моќта на политичките партии се тесно врзани. Оттука, финансирањето на политичките партии е традиционално чувствителна област од политичкото дејствување, па затоа идејата за отворање на партиските финансии не е секогаш добредојдена за партиите. Имајќи го предвид сево ова, ТМ и ФООМ ја изготвија методологијата за начинот на кој ќе се овозможи собирањето на податоците да не зависи исклучиво од желбата на партиите за соработка, туку и од нивната законска обврска да поднесат финансиски извештаи, како и да даваат информации од јавен карактер. Во таа смила, како алатка преку која ќе ги добиеме потребните информации од политичките партии го користевме Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер[3]. Истражувањето започна во април и траеше до октомври 2011 година. Во овој период, во пет наврати беа испратени вкупно 221 барање. Анализираните податоци беа преточени во периодичен извештај што им беше доставен за коментар на надлежните институции. Во таа смисла, беа остварени средби со шест институции, на кои се дискутираше за нашите наоди, но и за измените во Законот за финансирање на политичките партии, донесени во октомври 2011. За нив подетално ќе стане збор подолу во извештајот.

## *Кому му се обративме за информации/ Од кого баравме информации*

Проектот има за цел да ги опфати сите релевантни партии кои дејствуваат и имаат политичко влијание во Република Македонија. Оттука, истражувањето мораше да ги вклучи парламентарните, како и оние партии кои имаат свои претставници на локално ниво, но и оние кои се надвор од Собранието и единиците на локалната самоуправа, а учествувале на последните избори. Во согласност со Законот за политичките партии[4], политичките партии што дејствуваат во Република Македонија се запишуваат во Единствениот судски регистар на политички партии, што се води во Основниот суд Скопје 2 - Скопје. Овој регистар ги содржи податоците за политичките партии кои пред истекот на четири години од нивната регистрација се должни да достават 1000 потписи поединечно дадени и заверени кај нотар. Неисполнувањето на оваа обврска значи нивно бришење од регистарот. Затоа, од надлежниот суд побаравме и добивме копија од регистарот, каде што беа наведени 55 политички партии кои ја исполниле обврската за пререгистрација[5]. Од овие партии побаравме информации за тековното годишно финансирање. Дополнително, тие информации беа побарани и од надлежните институции кои се законски обврзани да ги поседуваат.

Имајќи предвид дека во јуни се одржаа предвремени парламентарни избори, барања за информации испративме и до надлежните институции и до организаторите на изборните кампањи[6].

---

[3] Службен весник на РМ бр. 76/2004, 86/2008, 161/2008 и 96/2009. Слободниот пристап до информациите не е предмет на детална анализа на овој извештај. За повеќе информации, види http://www.spinfo.org.mk

[4] Службен весник на РМ бр.76/2004, 5/2007, 8/2007 и 5/2008

[5] Види прилог 1

[6] Demokracia e re - Партија за нова демократија, Демократската унија на Албанците, Демократската унија за интеграција, Демократската десница, Националната демократска преродба, Либерално-демократската партија, Партијата на обединетите демократи за Македонија, ВМРО – народна партија, Политичката партија Достоинство, Националната демократка унија, Партијата за демократски просперитет, Обединети за Македонија, Социјалдемократската унија, Коалицијата Социјалдемократски сојуз на Македонија и другите, Европската партија на Македонија, Демократската партија на Албанците, Коалицијата ВМРО-ДПМНЕ и другите и Социјалдемократската партија на Македонија

## *Кои информации ги баравме*[7]

### *Прв бран барања*

Во првиот бран испративме вкупно 114 барања за слободен пристап, од кои 110 до 55 регистрирани политички партии од Единствениот судски регистар на политичките партии и 4 до надлежните институции. Од партиите се бараа годишните финансиски извештаи за 2010 и првите квартални извештаи за добиените донации во 2011 година.

Барања беа испратени и до институциите кои во периодот на испраќање на барањата беа надлежни за контролата на финансирањето на политичките партии. Во тие рамки, од Министерството за финансии, Државниот завод за ревизија и од Управата за јавни приходи се бараа првите квартални извештаи за 2011 од оние политички партии кои ги доставиле, а од Државниот завод за ревизија ги побаравме и годишните финансиски извештаи за 2010 година. Од овие институции ја побаравме и листата на партиите што не ги исполниле обврските за доставување извештаи.

### *Втор бран барања*

Во вториот бран беа испратени вкупно 20 барања. 17 барања беа испратени до организаторите на изборната кампања[8], од кои се бараа финансиските извештаи за првата половина од изборната кампања.

Овие извештаи, како и листата на учесниците на изборите кои не ја исполниле обврската за поднесување извештаи, беа побарани од Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија и од Државната комисија за спречување на корупцијата.

### *Трет бран барања*

Третиот бран испратени барања (вкупно 20 барања) повторно се однесуваше на изборите, па така од организаторите на изборните кампањи се бараа финансиските извештаи за втората половина од изборната кампања. Истите извештаи, како и листата на организаторите на кампањите кои не ги доставиле, беа побарани и од Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија и од Државната комисија за спречување на корупцијата.

### *Четврти бран барања*

Овој бран (вкупно 21 барање) беше последен во врска со изборите. Овојпат од организаторите на кампањите го побаравме вкупните финансиски извештаи за изборната кампања. Со исто барање се

---

[7] Види прилог 2
[8] Види прилог 3

обративме и до претходно споменатите институции и до Собранието на Република Македонија, од кои дополнително ја побаравме и листата на организаторите на кампањите кои не ја исполниле обврската.

### *Петти бран барања*

Со петтиот бран испратени барања повторно се вративме на тековното финансирање на партиите, но овојпат во согласност со искуствата од претходните бранови испративме барања до 46 партии на кои им ги знаевме валидните адреси[9]. Од нив ги побаравме вторите квартални извештаи за добиени донации во 2011.

Слично како и во првиот бран, од надлежните институции (Министерството за финансии, Државниот завод за ревизија и Управата за јавни приходи) ги побаравме вторите квартални извештаи од политичките партии кои истите ги доставиле, како и листата на оние кои не ја исполниле таа обврска.

## *Прашања до надлежните институции*

Во јануари 2012 одржавме средби со Министерството за финансии, Министерството за правда, Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната изборна комисија, Управата за јавни приходи и со Државниот завод за ревизија. Сите наведени институции имаат или имале надлежност врз контролата на финансирањето на политичките партии. Оттука, сметавме дека е целисходно да ги слушнеме нивните коментари на нашите наоди, како и да разговараме за измените и за дополнувањата на Законот за финансирање на политичките партии, кои беа донесени во октомври 2011 година. За таа цел, им поставивме конкретни прашања. Резултатите од овие средби се прикажани подолу во Извештајот[10].

[9] Види стр. 18
[10] Види стр. 31

# ЗА ФИНАНСИРАЊЕТО НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ

Основната премиса на финансирањето на политичките партии е дека тоа е јавно и транспарентно. Финансирањето на политичките партии се врши транспарентно, со целосен увид од страна на граѓаните и надлежните органи за контрола на финансиско-материјалното работење. Ова е јасно дефинирано во комплексната законска рамка што ја регулира оваа област, и тоа со следниве закони: Законот за политичките партии[11], Законот за финансирање на политичките партии[12], Изборниот законик[13] и Законот за спречување на корупцијата[14]. Оваа законска рамка го уредува тековното финансирање на политичките партии, како и финансирањето на политичките партии во време на избори.

## *Тековно финансирање*

Клучните законски норми кои детално го регулираат процесот на финансирање се содржани во Законот за финансирање на политичките партии донесен во 2004 година (во понатамошниот текст Закон за финансирање). Оттогаш, Законот претрпе три измени. Првото изменување и дополнување доведе до усогласување со Законот за прекршоците, додека измените од 2009 година имаа за цел да ја зголемат јавноста и транспарентноста, преку зајакнување на контролата на партиските финансии и поголема отчетност на политичките партии, преку задолжително поднесување годишен финансиски извештај и квартални извештаи за добиените донации. За жал, со последните измени од 2011 година, обврската за поднесување извештаи во голема мера се намалува, што секако не оди во прилог на јавноста и транспарентноста.

### *Како се финансираат политичките партии*

Со Законот за финансирање се регулира обезбедувањето на и располагањето со финансиските средства за **тековната работа** и дејствувањето на политичките партии. Во Законот се дефинирани и изворите на финансирање, и тоа како јавни и приватни. Првите се однесуваат на средствата исклучиво од буџетот на Република Македонија, додека буџетите на општините и на Градот Скопје со последните измени на Законот беа исклучени од листата на јавни извори за финансирање. Вкупните средства за годишно финансирање на политичките партии изнесуваат 0,06% од вкупните изворни приходи во републичкиот буџет. 30% од овие средства се распоредуваат подеднакво на сите политички партии кои освоиле најмалку 1% од гласовите на излезените граѓани на парламентарните избори, без разлика дали освоиле места во Парламентот или не. Преостанатите 70% се распоредуваат на политичките партии чиишто кандидати се избрани за пратеници во Собранието, сразмерно со бројот на нивните пратеници, односно на политичките партии чии кандидати се избрани за советници на последните локални избори, сразмерно со бројот на избраните советници. Во случаите кога пратеникот, односно советникот, е избран како кандидат на

---

[11] Службен весник на РМ бр.76/2004, 5/2007, 8/2007, 5/2008
[12] Службен весник на РМ бр. 76/2004, 161/2008, 96/2009, 148/2011
[13] Службен весник на РМ бр. 54/2011
[14] Службен весник на РМ бр. 28/2002, 46/2004, 126/2006, 10/2008, 161/2008, 145/2010

коалиција од повеќе партии, средствата се делат подеднакво помеѓу партиите членови на коалициите, освен ако тие не се договорат за поинаква распределба. Не е јасно зошто последната измена на Законот ги исклучи освоените градоначалнички места како основа за добивање финансиски средства.

Листата на дозволени приватни извори за финансирање е разнолика и вклучува парични и непарични средства: членарина, донации (пари, материјални средства или услуги), подароци, прилози, дотации, спонзорства, легати и продажба на промотивен и пропаганден материјал. Овие различни приватни извори подлежат на регулација, а висината на секој од нив е законски ограничена. Така, годишната членарина за еден член на партијата не може да биде повисока од една просечна плата во претходната година (за 2010 година тоа е 20.553 денари[15]). Висината на донациите е ограничена според тоа дали доаѓа од правни или од физички лица, па така вкупниот износ на поединечната донација не смее да ја надмине сумата од 150 просечни плати од правни лица и 75 просечни плати од физички лица, при што овој износ не смее да биде кумулиран повеќе од еднаш годишно. Оваа рамка ги вклучува и непаричните донации, како што се давањето бесплатни услуги и давањето услуги за кои плаќа трето лице. Давателот на услугата е должен да ја извести политичката партија за вредноста на дадената услуга, која би се вкалкулирала во законското ограничување за висината на донациите на годишно ниво. Истото се однесува и на продажбата на стоки и давањето услуги на политичките партии по цени пониски од пазарните. Попустот, односно разликата меѓу пазарната вредност и платената цена се смета за донација. Политичката партија е должна на донаторот да му го врати секое надминување на границата на донацијата. Важно е да се напомене дека сите донации, без оглед на вредноста, се јавни, па оттаму видот и висината на донацијата, како и името, односно називот на донаторот, се запишуваат во регистарот на донации, јавен документ што мора да го води секоја партија. Со измените на Законот од 2009 година се предвидуваше обврската овој регистар да се објавува на веб-страниците и во најмалку еден од дневните весници. Но, со последните промени од 2011 година обврската за објавување се ограничува на веб-страниците на политичките партии и се додава „и на друг начин да го направат достапен за јавноста", решение што е сосема нејасно. Проблемот е во тоа што значителен број активни политички партии во Република Македонија немаат изготвено веб-страници, па одлуката за тоа како ќе и овозможат на јавноста да има увид во регистарот на донациите останува на нив, без да им се дадат соодветни насоки како да го направат тоа. Оттука, реално е да се очекува дека обврската за јавност на добиените донации, споредено со досегашните состојби[16], ќе биде уште позанемарена. Неприфатливо е на граѓаните да им се ускрати или да им се намали можноста за континуирано следење на овие значајни информации.

Понатаму, законот изречно им забранува на политичките партии да примаат донации од анонимни или од неидентификувани извори. Сепак, доколку партијата добие средства од неидентификуван донатор, таа е должна истите веднаш да ги префрли на државниот буџет.

Независноста на политичките партии понатаму се обезбедува и со забраната за финансирање од странски извори (влади, меѓународни институции, органи и организации на странски држави и други странски лица), па во таа смисла политичките партии не смеат да имаат средства во странски банки или во други финансиски институции надвор од Република Македонија. Верските заедници или

[15] Статистички годишник на Република Македонија, 2011, Република Македонија, Државен завод за статистика, (22.6.2011)
[16] Види стр. 19

религиозните групи и здруженија не смеат да бидат финансиери на партиите. Исклучено е и финансирањето од извори кои се под своевидно влијание или контрола од страна на државата, па така како извори на финансирање не можат да се јават ниту јавни установи, јавни претпријатија, јавни фондови или други правни лица кои располагаат со државен капитал; претпријатија кои имаат најмалку 20% учество на државен капитал, јавни установи и институции, вклучувајќи ги и оние кои го започнале процесот на приватизација.

### *Кој и како го контролира тековното финансирање*

Овој рестриктивен пристап кон изворите за финансирање ја добива својата смисла и директно зависи од ефикасноста на механизмот за контрола. Важечките законски решенија креираат систем за контрола со конкретни обврски за партиите и за надлежните институции. Во таа смисла, политичките партии се должни да водат сметководство за финансиско-материјалното работење на партијата и најдоцна до 31 март да го изготват **годишниот финансиски извештај** за претходната година, кој го содржи финансиското работење на сметката на политичката партија, како и потсметките на локалните ограноци. Политичките партии се должни годишниот извештај да го достават до Државниот завод за ревизија и да го објават на своите веб-страници. Сè до последните измени на Законот за финансирање, политичките партии имаа обврска да го објават годишниот извештај во барем еден од дневните весници, како и во Службен весник на Република Македонија. Оваа обврска беше вметната во 2009 година, со цел да се зголеми транспарентноста и јавноста на финансиското работење на партиите. Меѓутоа, во 2011, слично како и за објавувањето на регистарот на донациите, законодавецот проценил дека оваа обврска не е во согласност со начелото за економичност во работењето на политичките партии и дека претставува непотребен финансиски товар за партиите. Истата логика е применета и кога е елиминирана обврската за поднесување квартални извештаи за добиените донации, коишто требаше да бидат објавени на веб-страниците на политичките партии и во барем еден од дневните весници и, секако, доставени до Министерството за финансии, Државниот завод за ревизија и Управата за јавни приходи. Важечкиот закон предвидува изготвување еден годишен извештај за добиените донации, кој заедно со годишниот финансиски извештај се доставува до Државниот завод за ревизија и до Управата за јавни приходи. Тука повторно се наметнува прашањето дали оваа проценка ги поткопува транспарентноста и јавноста, како основни принципи на работењето на политичките партии, и покрај тоа што за овие институции е предвидена обврската извештаите да ги објават на своите веб-страници.

Дополнително, **годишната сметка за финансиското работење партиите** ја доставуваат до Управата за јавни приходи, Централниот регистар и до Државниот завод за ревизија, а со последните измени на Законот истата веќе не се доставува ниту до Министерството за финансии.

Сите горенаведени институции имаат или до неодамна имале надлежност врз контролата на финансирањето на политичките партии. Меѓутоа, она што недостига е јасно дефинирање на обврските на секоја институција поединечно. Токму ова беше едно од главните образложенија за последните измени на Законот за финансирање, во насока на препораките на ГРЕКО[17], а сè со цел да се обезбеди концентриран и ефикасен систем за надзор. Целисходно или не, изменетиот Закон за финансирање од листата органи кои се

[17] Види стр. 16

надлежни за надзор сосема го исклучува Министерството за финансии, а на Државниот завод за ревизија изречно му ја дава надлежноста да врши надзор над финансиско-материјалното работење на политичките партии. Оваа контрола претпоставува и должност Државниот завод за ревизија да поднесе барање за поведување прекршочна постапка или пријава до јавниот обвинител доколку утврди неправилности во годишниот финансиски извештај на политичките партии. Сепак, во услови на неизменета законска регулатива за ревизијата и необезбедени дополнителни ресурси за клучниот надзорен орган, оваа одредба претставува несоодветно решение за ефикасна контрола на партиските финансии.

### *Што ако се прекршат правилата*

За прекршување на погоренаведените обврски, Законот предвидува соодветни парични казни, а доколку политичките партии направат прекршок повеќе од двапати во текот на годината, истите ќе бидат казнети со недобивање буџетски средства во траење од една година. Доколку донаторот го надмине дозволениот износ на донацијата, тој ќе биде казнет со износ од 1.000 до 2.000 евра, ако се работи за физичко лице, и со износ од 5.000 до 10.000 евра, доколку се работи за правно лице. Казните за партиите кои на донаторот нема да му ја вратат разликата во средствата што го надминуваат законското ограничување, или нема да ја префрлат донацијата во буџетот на РМ (ако се работи за средства од анонимен донатор) ќе бидат казнети со најмалку петкратен, а најмногу дваесеткратен износ од висината на донираната вредност. Партиите ќе бидат казнети со најмалку 5.000, а најмногу 10.000 евра, доколку не ја почитуваат обврската за поднесување на погореобјаснетите извештаи. Како олеснување за партиите се јавува можноста за порамнување, постапка што се води пред надлежен суд пред поднесување на барањето за поведување прекршочна постапка.

Предвидениот систем за санкционирање има очигледни слабости, особено во ситуација кога една партија би користела забранети извори на финансирање, како на пример средства од странски влади, меѓународни институции или пак од домашни државни органи, јавни установи и претпријатија и слично. Предвидената санкција за оние партии кои ќе стекнат и противправно ќе ги користат средствата од овие извори е губење на правото за финансирање од буџетот на Република Македонија во текот на наредната година. Оттука, постои очигледна несразмерност меѓу прекршокот и предвидената санкција, имајќи предвид дека една политичка партија може да стекне и да потроши многу повисоки износи од недозволени извори во споредба со средствата што и следуваат од државниот буџет. Ваквата логика суштински ја осакатува одредбата за дозволени и недозволени извори на финансирање и остава простор за тешки злоупотреби.

## *Финансирање за време на избори*

Изборите се клучен елемент на демократските општества и остварување на политичкиот натпревар помеѓу партиите, па затоа треба да бидат детално регулирани. Правилата за финансирање во време на изборите се регулирани со Изборниот законик и се однесуваат на средствата коишто се обезбедуваат за изведување на изборната кампања. Учесниците на изборите, односно подносителите на листи на кандидати за избор на претседател на Републиката, пратеници, членови на совет и градоначалници,

имаат право да организираат изборна кампања. Оваа кампања ги вклучува сите активности организирани од страна на организаторот на кампањата во тек на 20 дена пред денот на изборите, и тоа: јавно собирање и други јавни настани, јавно истакнување на плакати, видеопрезентации на јавни места, изборно медиумско и интернет претставување, дистрибуирање на печатени материјали и јавно претставување на потврдените кандидати од надлежните изборни органи и на нивните програми. Организаторот на изборната кампања задолжително отвора жиро-сметка во домашна банка, каде што ќе ги депонира сите средства добиени од правни или од физички лица за финансирање на изборната кампања. Сите трошоци за кампањата се покриваат исклучиво со средствата од жиро-сметката за изборната кампања, која треба да се затвори откако ќе бидат исплатени средствата од буџетот на РМ, односно од буџетите на општините и Градот Скопје за секој добиен глас на изборите.

### *Како се финансираат изборните кампањи*

Изворите за финансирање на изборната кампања се определени со закон и ги вклучуваат членарината и донациите. Организаторот на кампањата води регистар на донации каде што се запишуваат податоците за донаторите, видот и вредноста на донациите. Природата на дозволените донации е утврдена, па покрај финансиските средства како донација се третираат и бесплатните услуги, услугите за кои плаќа трето лице, како и продажбата на стоки или давањето услуги на организаторот на кампањата по цени пониски од пазарните, каде што разликата меѓу пазарната и платената вредност се смета за донација. Во оваа група влегуваат и попустите кои радиодифузерите и печатените медиуми им ги нудат на партиите за политичко рекламирање. Висината на донациите е ограничена на 5.000 евра, кога како донатор се јавува физичко лице, додека правните лица можат да донираат вредност во висина до 5% од вкупниот приход во текот на претходната година.

Регулирана е и сумата (180 денари) која организаторот на кампањата може да ја потроши по запишан избирач во изборната единица, односно општината за која има поднесено листа на кандидати, односно листа на кандидат.

Слично како и кај тековното финансирање, изборната кампања не смее да се финансира од средства од јавни претпријатија и јавни установи, од здруженија, верски заедници, религиозни групи и фондации, странски влади, меѓународни институции, органи и организации на странски држави и други странски лица, средства од претпријатија со мешовит капитал, каде што е доминантен странскиот капитал, и средства од неидентификувани извори.

Изборниот законик предвидува и надоместок на трошоците за изборите. Организаторите на кампањи чиишто кандидати се избрани добиваат надоместок во висина од 15 денари по добиен глас. Меѓутоа, надоместок добиваат и оние организатори кои не добиле мандати, и тоа во висина од 15 денари по добиен глас, доколку освоиле најмалку 1,5% од вкупниот број гласови од излезените граѓани. Овие средства се исплаќаат од буџетот на Република Македонија, односно од буџетот на општината и на Градот Скопје најдоцна во рок од три месеци по поднесувањето на финансискиот извештај за изборната кампања, врз основа на извештајот на Државната изборна комисија за спроведените избори[18]. Надоместокот може

[18] Види прилог 3, Одлука за надоместок на трошоците на организаторите на изборната кампања од чии листи на кандидати се избрани пратениците во Собранието на Република Македонија и на организаторите на изборната кампања од чии листи на кандидати не се избрани пратеници во Собранието на Република Македонија

да изостане за оние организатори на кампањи во чиишто извештаи Државниот завод за ревизија ќе утврди неправилности и ќе иницира постапки пред надлежните судови.

## *Кој и како го контролира финансирањето на изборните кампањи*

Имајќи ја превид важноста на изборната кампања, а сè со цел да се минимизираат можностите за злоупотреби што би имале далекосежни последици по сите демократски процеси во државата, Изборниот законик со последните измени предвидува обврска за поднесување извештаи од страна на организаторите на кампањата, и тоа континуирано додека истата се одвива. Така, организаторот на изборната кампања е должен единаесеттиот ден од денот на изборната кампања да поднесе финансиски извештај за приходите и расходите на жиро—сметката во овој временски период. Истата обврска се однесува и за вториот дел од кампањата, и тоа еден ден по завршувањето на истата. На крајот на кампањата, односно по завршувањето на изборите, и тоа најдоцна во рок од 15 дена, организаторите се должни да поднесат вкупен финансиски извештај. Сите три извештаи се поднесуваат на образец пропишан од министерот за финансии, во кој се содржани податоците за името, односно називот на донаторот, видот и вредноста на донациите, датумот на добивање на донациите и расходите за секоја донација и приходите и расходите за време на изборната кампања. Извештаите се поднесуваат до Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија и до Државната комисија за спречување на корупцијата, кои се должни да ги објават на своите веб-страници. Вкупниот финансиски извештај се поднесува и до Собранието на Република Македонија, а за локалните избори и до советот на општината и Советот на Град Скопје.

Клучна институција во контролата на финансирањето на изборната кампања е Државниот завод за ревизија, кој доколку утврди неправилности во финансиските извештаи на организаторот на изборната кампања, поднесува барање за поведување прекршочна постапка или пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од 30 дена од денот на утврдувањето на неправилностите.

## *Санкции: од глоба до казна затвор*

Тешките повреди против изборниот процес се регулирани со одредбите од Кривичниот законик[19]. Меѓу другите кривични дела поврзани со изборите[20], Кривичниот закон го предвидува и делото злоупотреба на средствата за финансирање на изборната кампања. Организаторот на кампањата кој нема да го пријави изворот на финансии, ќе го спречи надзорот над трошењето на средствата, нема да поднесе финансиски извештај, ќе ги пречекори законски дозволените ограничувања за висината на средствата и ќе користи недозволени средства ќе биде казнет со затвор во траење од најмалку 5 години. Истата казна е наменета и за одговорното лице од правното лице донатор кое нема да ги пријави донациите, ќе обезбеди недозволени или средства повисоки од дозволените, нема да поднесе извештај или ќе даде лажни и непотполни информации за донациите и ќе го попречи надзорот над финансирањето на кампањата. Казна до 3 години затвор е предвидена и за оној кој тајно ќе донира за туѓа изборна кампања или кампања за

---

[19] Службен весник на РМ бр.37/1996, 80/19999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011

[20] Кривични дела против изборите и гласањето: Спречување на избори и гласање; Повреда на избирачкото право; Повреда на слободата на определување на избирачите; Злоупотреба на избирачкото право; Поткуп при избори и гласање; Повреда на тајноста на гласањето; Уништување на изборниот материјал; Изборна измама; Злоупотреба на средствата за финансирање на изборната кампања.

избори во кои самиот учествува, со износ што во поголема вредност го надминува законскиот максимум. Кога овие злоупотреби ќе ги стори правно лице е предвидена парична казна. Овие злоупотреби повлекуваат и забрана за вршење на професијата, дејноста или должноста и забрана за користење на средствата за финансирање на политичките партии.

Дополнително, Изборниот законик ги одредува глобите за прекршувањата во врска со финансирањето на изборната кампања и контролата на истото. Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра ќе му се изрече за прекршок на организаторот на изборната кампања доколку не ги достави трите погореобјаснети финансиски извештаи во утврдените рокови. Истата висина на глоба ќе и се изрече на партијата доколку во изборната кампања потрошила повеќе од дозволеното.

## *Недостатоци во законската рамка и препораки од ГРЕКО*

Република Македонија е членка на ГРЕКО (Група држави против корупцијата)[21] од 2000 година и во период од 10 години во три наврати (2002, 2005 и, последно, во 2009) беше предмет на евалуација. При последната евалуација, посебна тема (II) се однесува на транспарентноста во финансирањето на политичките партии. Препораките коишто беа упатени од ГРЕКО во оваа тема ги идентификуваат следниве потребни измени во системот за финансирање на политичките партии:

1. Да се воведат јасни одредби што го утврдуваат **отпочнувањето на изборната кампања**, со оглед на обврската да се има посебна сметка за кампањите и да се изготвуваат финансиски извештаи за кампањите. Да се зголеми дозволеното времетраење на посебната банкарска сметка за изборните кампањи, со цел прецизно и сеопфатно да се евидентира целокупната финансиска активност во врска со изборната кампања;

2. Да се измени и да се дополни Изборниот законик, со цел да се обезбеди стоките и услугите што им се даваат на организаторите на изборните кампањи по намалени цени соодветно да се идентификуваат и пресметаат според пазарната вредност, како **донации**, со цел да се спречи заобиколувањето на правилата за горната граница на донациите;

3. Да се зголеми **транспарентноста на сметките** и активностите на телата кои се директно или индиректно поврзани или се под контрола на политичките партии и, соодветно, сметките на таквите тела да бидат вклучени во сметките на политичките партии;

4. Да се обезбеди соодветно информирање за важечката регулатива за политичко финансирање **на сите политички партии** (на пример, преку обезбедување обука/насоки), особено што се однесува на сметководствените аспекти;

5. Да се воспостави **независно раководно тело**, потпомогнато од други тела, со мандат и со соодветни надлежности и ресурси да спроведува проактивен и ефективен надзор, истрага и спроведување на регулативата за финансирање на политичките партии;

[21] Резолуција 5 (99) за основање на ГРЕКО, Комитет на министрите, Совет на Европа

6. Да се обезбеди ефективно функционирање во практиката на механизмот **за примена на казнените мерки** за повреди на правилата за политичко финансирање и, пред сè, да се овозможи примена во практиката на казнената мерка губење на државните средства за политичките партии и организаторите на изборните кампањи.

Врз основа на наведените препораки од ГРЕКО, кои требаше да бидат имплементирани од страна на Владата на Република Македонија до 30 септември 2011 година, се предложени повеќе Предлог-заклучоци од кои за темата II – Транспарентност во финансирањето на политичките партии се значајни следниве:

– да се изготват измени во Изборниот законик и во Законот за финансирање на политичките партии, во насока на реализација на Препораките 1 и 2;

– се задолжуваат Министерството за правда и Министерството за финансии да преземат мерки за реализација на Препораките 3 и 4;

– реализирањето на Препораката 5, т.е. изготвувањето предлог за определување институција која ќе врши надзор над финансирањето на политичките партии и изборните кампањи, е обврска на Министерството за финансии.

– Остварувањето на Препораката 6 е во надлежност на Министерството за правда и Државната изборна комисија. Нивната задача се состои од преземање активности за практична примена на решенијата за санкционирање на прекршителите на законските норми. Ова се однесува пред сè на санкцијата губење на државните средства, кои според законот им следуваат на политичките партии и на организаторите на изборните кампањи.

Со последните измени на Изборниот законик е направен обид да се имплементираат некои од наведените препораки, како на пример поднесувањето финансиски извештаи во текот на изборната кампања. Меѓутоа, последните избори покажаа дека постојат проблеми во врска со исполнувањето на обврската за известување, времетраењето на посебните банкарски сметки за изборите, како и во врска со видот и висината на донациите[22]. Препораките не се однесуваат само на финансирањето за време на изборите, туку навлегуваат и во суштината на тековното финансирање на политичките партии, па токму од нивното правилно имплементирање зависи и нивото на транспарентност и можностите за злоупотреби во финансирањето. Последните измени на Законот беа образложени со усогласување на постојната законска рамка со препораките на ГРЕКО, меѓутоа анализите покажуваат дека тие не се прифатени во целост, туку напротив, направените измени не ја остваруваат нивната суштина.

[22] Види стр. 29

# РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

## ТЕКОВНО ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ ЗА 2010 И 2011

### Годишен финансиски извештај за 2010 година и прв квартален извештај за добиените донации за 2011 година (прв бран испратени барања)

Во согласност со погореобјаснетиот методолошки пристап, во текот на мај и јуни беа испратени вкупно 114 барања за слободен пристап, од кои 110 до 55 регистрирани политички партии од Единствениот судски регистар на политичките партии. Од партиите го побаравме годишниот финансиски извештај за 2010 година и, во согласност со тогаш важечкиот Закон за финансирање, и првиот квартален извештај за добиените донации за 2011 година. Барања беа испратени и до надлежните институции, па така од Државниот завод за ревизија и од Управата за јавни приходи се бараа доставените први квартални извештаи. Истите ги побаравме и од Министерството за финансии, кое во тој период сè уште спаѓаше во групата институции кои вршат надзор на финансирањето на политичките партии. Во согласност со надлежностите на Државниот завод за ревизија оттаму ги побаравме годишните финансиски извештаи на сите политички партии за 2010 година.

### *Поразителни 15% од политичките партии одговорија во законскиот рок*

Само 8 од политичките партии (15%) доставија одговори во законски предвидениот рок. Годишен финансиски извештај за 2010 и прв квартален извештај за донациите добиени за 2011 доставија Социјалистичката партија на Македонија, Либералната партија на Македонија, Демократскиот сојуз, Новата социјалдемократска партија, Партијата за интеграција на Ромите, Социјал-демократската унија и Националната демократска преродба. Демократската унија за интеграција не достави квартален извештај. Меѓутоа, ниту еден од доставените годишни извештаи (6) не е даден во образецот предвиден според правилникот на Министерството за финансии[23]. Непочитувањето на формата оди дотаму што Партијата за интеграција на Ромите смета дека нема потреба од изготвување ниту на годишен ниту на квартален извештај бидејќи „во посочениот период партијата не е финансирана од ниту една страна и поради лошата финансиска состојба истата беше оневозможена за остварување на какви било активности...“.

### *Неможност за доставување на барањата - примачот е непознат, преселен, известен*

Клучен проблем при спроведувањето на истражувањето е неможноста да се испратат барања до регистрираните политички партии на адресите добиени од Единствениот судски регистар. Вкупно 21 партија од различни причини не ги примија нашите барања. Првиот проблем беа непотполните или неточни адреси на партиите што ги добивме од Судскиот регистар. Направивме напор да ги пронајдеме валидните адреси за повторно да ги испратиме барањата, но сепак резултатите беа негативни. Само 2 од 10

[23] Службен весник на РМ, бр. 143 од 27.11.2009 година

партии за кои дополнително најдовме важечки адреси ги примија барањата. Оттука, на 8 партии (15 %), од кои две парламентарни, е невозможно да им се испрати барање, бидејќи поштенските пратки упатените до нив ни беа вратени со објаснување „преселен или непознат примач“ (Демократската партија на Турците на Македонија, Македонската алијанса, ВМРО – демократска партија, Трајно македонско радикално обединување, Социјалдемократската партија на Македонија, Српската напредна странка во Македонија, Демократскиот сојуз на Власите од Македонија, Партијата на слободни демократи). Дополнителен проблем е тоа што некои партии (Странката на демократска акција на Македонија и Демократската партија на Србите во Македонија, обете парламентарни партии), и покрај тоа што биле известени, не ги подигнале поштенските пратки со барањата.

**ТАБЕЛА 1**

| ***Прв бран испратени барања до*** | **Регистрирани политички партии** | **Институции** |
|---|---|---|
| **Вкупно испратени барања** | 55 | 3 |
| **Добиени одговори** | 8 | 3 |
| **Неуредна/неможност за достава** | 21 | / |
| **Молчење** | 26 | / |

## *Партиите и институциите*

Иако законскиот рок за одговор беше надминат, сепак институциите на кои им се обративме ни испратија делумно задоволителни одговори. Генерален заклучок е дека партиите ги игнорираат своите обврски за поднесување извештаи. Само 6 политички партии (11%) испратиле годишен финансиски извештај до Државниот завод за ревизија, но ниту еден од нив не е изработен според задолжителниот правилник (ВМРО–ДПМНЕ, Либерална партија, Народно движење на Македонија, Нова социјалдемократска партија, Демократска обнова на Македонија и Демократски сојуз).

Што се однесува до првиот квартален извештај за добиените донации состојбата е слична. Само 4 партии (7%) испратиле квартален извештај до Државниот завод за ревизија (Демократска обнова на Македонија, Либерална партија, Нова социјалдемократска партија и Демократски сојуз). Истите партии испратиле извештај и до Управата за јавни приходи, со тоа што на оваа група и се приклучуваат уште 3 партии (ВМРО–ДПМНЕ, Социјалдемократскиот сојуз на Македонија и Демократската унија за интеграција), што значи дека оваа обврска ја исполниле само 13% од регистрираните политички партии. Исто така, нејасно е зошто партиите кои испратиле извештаи до ТМ не го исполниле законското задолжение за доставување на извештаите до надлежните институции (Социјалистичката партија на Македонија и Социјалдемократската унија).

Графикон 1: Споредба на вкупниот број регистрирани партии и бројот на оние кои ја исполниле обврската за доставување извештаи




Анализата го покажува апсолутно несериозниот однос кон обврските за поднесување извештаи, не само од страна на партиите, туку и од страна на институциите. Во одговорот на барањето што им го упативме Министерството за финансии наведе дека не е „имател"[24] на бараната информација, што е спротивно на недвосмислената надлежност што произлегуваше од тогаш важечкиот член 25 од Законот за финансирање. Управата за јавни приходи, пак, ни достави листа на политички партии кои не ја исполниле обврската, на која се наоѓаат партиите кои не се пререгистрирани (Реформираната комунистичка партија на Македонија, Зелената партија на Македонија, Партијата за демократска иднина), „заборавајќи" притоа на некои парламентарни партии (на пример, Демократската партија на Србите во Македонија, Демократската партија на Турците на Македонија, Нова алтернатива).

Исклучително е загрижувачки тоа што некои од извештаите до кои дојдовме преку надлежните институции се очигледен доказ дека постои кршење на Законот за финансирање. Така, на пример, Демократската унија за интеграција наведува дека примила донации од државни институции и од други извори под контрола на државата, што е изречно забрането со закон[25] (Собрание на РМ, Министерство за земјоделство, Казнено-поправен дом, АД Македонски пошти, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување).

[24] Имателите на информација од јавен карактер во смисла на член 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер се органите на државната власт и други установи и институции утврдени со закон, органите на општините, на градот Скопје и на општините во градот Скопје, јавните установи и служби, јавните претпријатија, правни и физички лица што вршат јавни овластувања и дејност од јавен интерес, кои располагаат со информации од јавен карактер.

[25] Види стр. 10

### *Комисијата за слободен пристап до информациите од јавен карактер-жалби, решенија за отфрлање, тужби*

Соочени со сериозно малиот број извештаи, се обидовме да ги добиеме потребните информации користејќи ги можностите што ни ги дава Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер. Во таа смисла, до Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер (во понатамошниот текст Комисија за слободен пристап) беа поднесени 54 жалби за 26 партии кои ги примиле барањата, но поради нивното молчење не можевме да добиеме пристап до бараните информации (Demokracia e re – Партија за нова демократија, Демократската партија на Србите во Македонија, Демократската лига на Бошњаците во Македонија, Демократската обнова на Македонија, Партијата на правдата, Демократската партија на Албанците, СДСМ, Партијата на пензионерите на Република Македонија, Републиканската Алијанса, Партијата за демократска акција — вистински пат, Обединети за Македонија, Демократската унија на Албанците, Националната демократска унија, Партијата за движење на Турците во Македонија, Партијата за целосна еманципација на Ромите, Партијата за европска иднина, ВМРО-ДПМНЕ, Сојузот на Титовите леви сили, Сојузот на Египќаните – Охрид, ВМРО народна партија, ВМРО обединета, Сојузот на Ромите од Македонија, Демократската десница, Либерално-демократската партија, Движењето за национално единство на Турците, Обединетата партија за еманципација, Странката на демократска акција на Македонија). Загрижувачки е дека и по овој чекор, само 2 партии ги испратија бараните извештаи (СДСМ и Обединетата партија за еманципација). Претходно нотираните особености се забележуваат и кај овие одговори, па така годишните извештаи и за двете партии не се во пропишаната форма. Неправилното читање на законската обврска оди дотаму што Обединетата партија за еманципација во својот одговор вели дека нема обврска за доставување квартален извештај бидејќи нема примено донации во споменатиот период.

Меѓутоа, за жал, Комисијата за слободен пристап, на наше големо изненадување, ги отфрли сите жалби со образложение дека политичките партии не се иматели на информации од јавен карактер. Ваквиот став на Комисијата за слободен пристап претставува погрешно и рестриктивно толкување на одредбите од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер и не одговара на целта што ја имал законодавецот со донесувањето на овој закон. Понатаму, овој став не е во согласност со клучните принципи и со главните цели на политичките партии. Имено, политичките партии се дефинирани како доброволни организации на граѓаните, формирани заради остварување и заштита на политичките, економските, социјалните, културните и други права и уверувања и заради учество во процесот на донесување на политички одлуки при учество во власта[26], а нивното основање, дејствување и финансиско и материјално работење е **јавно**[27]. Нелогичноста на решенијата за отфрлање се огледа и во тоа што Комисијата за слободен пристап, која во согласност законските надлежности има обврска да ја утврди и да ја објави листата на иматели на информации, во времето на поднесување на жалбите на оваа листа изречно ги вклучуваше и политичките партии. Дополнително, решенијата за отфрлање кои Комисијата за слободен пристап треба да ги донесе во рок од 15 дена од приемот на жалбата, беа изготвени приближно 4 месеци по поднесувањето на жалбите. Имајќи го предвид сево ова, поведовме управни спорови против

[26] Член 2, Закон за политичките партии
[27] Член 10, Закон за политичките партии

Комисијата за слободен пристап, со кои бараме поништување на овие решенија. Постапките се во тек, а од нивниот исход во голема мера ќе зависи и нивото на транспарентност во финансирањето на политичките партии[28].

## Втор квартален извештај за добиените донации за 2011 година (петти бран на испратени барања)

### *Барања, одговори и недостапност*

Во јули беа испратени барања за слободен пристап до 46 регистрирани партии чиишто валидни адреси ги знаевме[29]. Од партиите се бараше фотокопија од вториот квартален извештај за добиените донации за 2011 година. Слична содржина имаа и барањата упатени до трите надлежни институции. Повторно се соочивме со игнорирање од страна на партиите, па само 5 (21% од оние партии кои ги примиле барањата, што е 11% од бројот на партиите на кои им беа испратени барања) ни испратија одговори (СДСМ, Социјалистичката партија на Македонија, Либералната партија на Македонија, Обединетата партија за еманципација и Демократскиот сојуз) Се работи за приближно истите партии кои го испратија и првиот квартален извештај. Трендот во изготвувањето на извештаите, односно доставувањето на истите, се намалува со секој бран на испратени барања до партиите, особено кога станува збор за кварталните извештаи[30]. Што се однесува пак до содржината на одговорите, две партии (Социјалистичката партија на Македонија и Обединетата партија за еманципација) сметаат дека немаат обврска за поднесување квартален извештај, бидејќи во вториот квартал не примиле никакви донации. Движењето за национално единство на Турците ни испрати писмо во кое објаснува дека не изготвиле извештај бидејќи „...Министерството за финансии, и покрај нашето упорно барање, не ни достави образец според кој ние би ја исполниле законската обврска". Сепак, на ТМ им испратија изводи од нивната сметка.

Поразителен е фактот што дури 22 партии (речиси 50%) не ги подигнале поштенските пратки со барањата, и покрај тоа што биле известени (Странката на демократска акција на Македонија, Сојузот на Ромите, Партијата за движење на Турците на Македонија, Демократската партија на Србите во Македонија, Партијата на Власите од Македонија, Партијата на правдата, Народното движење за Македонија, Демократските сили на Ромите, Партијата за европска иднина, Сојузот на Титовите леви сили, Нова алтернатива, Националната демократска унија, Социјал-демократската унија, Партијата на обединетите демократи на Македонија, Demokracia e re – Партија за нова демократија, Обединети за Македонија, Новата либерална партија, Партијата за демократски просперитет, Демократската унија на Албанците, Сојузот на Египќаните, Националната демократска преродба, Политичката партија Достоинство и Републиканската алијанса). Имајќи предвид дека се работи за петтиот бран барања со слична содржина

[28] Сите барања, одговори од политичките партии, поднесените жалби и тужби за остварување на правото за слободен пристап до информациите, можете да ги преземете од www.spinfo.org.mk

[29] Види стр. 18

[30] Клучно е да се напомене дека во периодот меѓу двата квартала се случија вонредните парламентарни избори, во врска со кои исто така беа преземени активности кои ќе бидат презентирани подолу во извештајот.

испратени од ТМ, валидна е претпоставката дека овие партии не се подготвени за соработка со граѓанскиот сектор и за транспарентност во финансирањето. Во таа смисла, особено е негативно што дури 5 од овие се парламентарни партии во сегашниот состав на Собранието (Странката на демократска акција на Македонија, Сојузот на Ромите, Националната демократска преродба, Демократската партија на Србите во Македонија и Партијата за европска иднина).

**ТАБЕЛА 2**

| ***Петти бран испратени барања до*** | **Регистрирани политички партии** | **Институции** |
|---|---|---|
| **Вкупно испратени барања** | 46 | 3 |
| **Добиени одговори** | 5 | 3 |
| **Неуредна/неможност за достава** | 22 | / |
| **Молчење** | 19 | / |

## *Партиите и институциите*

Институциите до кои испративме барања ни одговорија слично како и за барањата од првиот бран. Министерството за финансии повторно го препрати барањето до Управата за јавни приходи и до Државниот завод за ревизија, бидејќи смета дека не ја поседува бараната информација.

Управата за јавни приходи добила извештаи од 6 партии (11%) (ВМРО-ДПМНЕ, Социјалдемократскиот сојуз на Македонија, Демократската унија за интеграција, Либералната партија, Демократската обнова на Македонија и Демократскиот сојуз), додека Државниот завод за ревизија примил извештаи од 4 партии (7%) (ВМРО-ДПМНЕ, Социјалдемократскиот сојуз на Македонија, Демократската унија за интеграција и Демократскиот сојуз). Анализата на сегашната состојба не покажува прекршувања во смисла на надминување на горната граница на донациите кај овие партии. Во извештајот на Демократската унија за интеграција повторно се наведени погореспоменатите забранети извори на финансирање, но овојпат партијата испратила забелешка со која објаснува дека тие донации се од лица вработени во наведените институции. Сепак, ваквиот начин на евидентирање на финансирањето останува спорен.

Графикон 2: Споредба на вкупниот број регистрирани партии и бројот на оние кои ја исполниле обврската за доставување втор квартален извештај за добиените донации




## Транспарентност во тековното финансирање на политичките партии – проблеми, карактеристики, трендови

- Исклучително низок процент доставени извештаи до ТМ, при што со секој нареден бран на испратени барања за информации се забележува надолна линија (од 15% до 11% од регистрираните политички партии кои ги примиле барањата);
- Исклучително низок процент доставени извештаи до надлежните институции (приближно 11% од регистрираните политички партии);
- Непочитување на пропишаната форма за подготовка на годишните извештаи;
- Недостапност на партиите поради неточните или непотполни информации во Единствениот судски регистар;
- Зголемен тренд на неподготвеност на партиите да ги откријат своите финансии, и покрај тоа што со закон се обврзани на тоа (партиите не ги подигнуваат поштенските пратки упатени од ТМ).

# ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ 2011

Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија[31] се одржаа на 5 јуни 2011 година. Имајќи предвид дека финансирањето на изборната кампања е исклучително важен процес што директно влијае на резултатите од изборите, во текот на целата кампања од надлежните институции и од организаторите на изборните кампањи баравме информации во врска со финансирањето на кампањите (Demokracia e re – Партија за нова демократија, Демократската унија на Албанците, Демократската унија за интеграција, Демократската десница, Националната демократска преродба, Либерално-демократската партија, Партијата на обединетите демократи за Македонија, ВМРО – народна партија, Политичката партија Достоинство, Националната демократска унија, Партијата за демократски просперитет, Обединети за Македонија, Социјалдемократската унија, Коалицијата Социјалдемократски сојуз на Македонија и другите[32], Европската партија на Македонија, Демократската партија на Албанците, Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и другите[33] и Социјалдемократската партија на Македонија[34]). Во три наврати испративме вкупно 61 барање – 54 до организаторите на кампањите и 7 до надлежните институции. Најнапред го баравме финансискиот извештај за првата половина од кампањата, потоа извештајот за втората половина, а на крај вкупниот финансиски извештај. Имајќи предвид дека законскиот рок за одговор изнесува 30 дена, што го надминува времетраењето на изборната кампања, дојде до поклопување на добиените одговори. Затоа, подолу направивме посебна анализа за трендовите во одговарањето и поднесувањето на извештаите до надлежните институции, како и посебна анализа за содржината и формата на извештаите.

---

[31] Решение за распишување избори за пратеници во Собранието на Република Македонија број 08-2130/1 од 15 април 2011 година, донесено од претседателот на Собранието на Република Македонија (Службен весник на Република Македонија број 55/2011)
Врз основа на членот 4 став (2) од Изборниот законик, во Собранието на Република Македонија се избираат 123 пратеници, од кои 120 според пропорционалниот модел, при што територијата на Република Македонија е поделена на шест изборни единици, во кои се избираат по 20 пратеници, и тројца пратеници се избираат според мнозинскиот модел во еден изборен круг, и тоа по еден пратеник од три изборни единици во Европа и Африка, во Северна и Јужна Америка и во Австралија и Азија.

[32] Коалицијата ја сочинуваат: Социјалдемократскиот сојуз на Македонија, Новата социјалдемократска партија, Партијата за европска иднина, Либералната партија на Македонија, Движењето за национално единство на Турците во Македонија, Српската напредна странка во Македонија, Партијата за целосна еманципација на Ромите, Нова алтернатива, Сојузот на Титовите леви сили, Партијата за движење на Турците во Македонија, Демократскиот сојуз на Србите во Македонија, Демократскиот сојуз на Власите во Македонија, Партијата на слободни демократи, Партијата на пензионерите на РМ и Санџачка лига.

[33] Коалицијата ја сочинуваат: ВМРО-ДПМНЕ, Социјалистичката партија на Македонија, Демократскиот сојуз, Демократска обнова на Македонија, Демократската партија на Турците на Македонија, Демократската партија на Србите во Македонија, Сојузот на Ромите од Македонија, Обединетата партија за еманципација, Партијата на правдата, Странката на демократска акција на Македонија, Партијата на Власите од Македонија, Партијата за интеграција на Ромите, Бошњачката демократска партија, Демократските сили на Ромите, Трајното македонско радикално обединување, Новата либерална партија, Народното движење за Македонија, ВМРО - демократска партија, ВМРО - обединета, Татковинската македонска организација за радикална обнова - Вардар - Егеј - Пирин, Македонската алијанса и ВМРО македонска.

[34] Социјалдемократската партија на Македонија не беше вклучена во истражувањето поради неможноста да и се достави барање за информација од јавен карактер со препорачана пратка.

### *Одговори од организаторите на изборните кампањи и од надлежните институции*

Одговори добивме од 6 (35%) организатори на кампањи кои ги примиле барањата. Имајќи го предвид обемот на обврските и динамиката на активностите на учесниците на изборите, во вкупниот број организатори кои ни одговориле, покрај оние кои доставиле одговори на трите барања ги сметаме и оние организатори кои, иако не го доставиле првиот и/или вториот извештај, сепак ни го испратиле вкупниот финансиски извештај (Демократска десница, Националната демократска преродба, ВМРО – народна партија, Национална демократска унија, Коалицијата СДСМ и другите, Европската партија на Македонија). Во посебна група се Демократската партија на Албанците и Социјалдемократската унија, кои ни ги доставија првиот и вториот, но не и вкупниот финансиски извештај.

Одговори не добивме од 9 организатори на изборната кампања (47%) кои ги примиле барањата[35] (Demokracia e re – Партија за нова демократија, Демократската унија на Албанците, Демократската унија за интеграција, Партијата на обединетите демократи за Македонија, Партијата за демократски просперитет, Обединети за Македонија и Коалицијата ВМРО-ДПМНЕ и другите и Политичка партија Достоинство). Во оваа група ја сметаме и Либерално-демократската партија, која ги примила сите барања, а ни го достави единствено извештајот за првиот дел од кампањата. Пред Комисијата за слободен пристап поднесовме жалби против овие организатори на кампањи поради нивното молчење по поднесените барања за пристап до вкупниот финансиски извештај. Исходот од овие жалби беше поразителен. Комисијата ги отфрли жалбите, па затоа бевме принудени да поведеме низа управни спорови[36] против оваа нова практика. Сево ова предизвика дополнителни финансиски трошоци во проектот.

Одговори за првиот извештај не добивме од Државниот завод за ревизија, додека за вториот извештај покрај ревизорското тело, со одговор не нè удостои ниту Државната изборна комисија. Позитивно е тоа што надлежните институции Државниот завод за ревизија, Државната комисија за спречување на корупцијата и Собранието на Република Македонија ни ги испратија вкупните финансиски извештаи коишто биле доставени до нив, вклучувајќи ги и листите на оние организатори на кампањи кои не си ја исполниле обврската, додека Државната изборна комисија нè упати да ги најдеме бараните информации на нејзината интернет страница.

---

[35] Политичката партија Достоинство, иако известена, не ја подигнала поштенската пратка со барањето за вкупен финансиски извештај за изборната кампања.

[36] Види стр. 21

**ТАБЕЛА 3**

| | ПОДНОСИТЕЛ НА ЛИСТА/ ОРГАНИЗАТОР НА ИЗБОРНА КАМПАЊА | Одговор на барање за прв извештај за изборната кампања | Одговор на барање за втор извештај за изборната кампања | Одговор на барање за вкупниот финансиски извештај за изборната кампања |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Demokracia e re – Партија за нова демократија | Не е доставен | Не е доставен | Не е доставен |
| 2. | ДУА — Демократска унија на Албанците | Не е доставен | Не е доставен | Не е доставен |
| 3. | ДУИ — Демократска унија за интеграција | Не е доставен | Не е доставен | Не е доставен |
| 4. | Демократска десница | Не е доставен | Не е доставен | Доставен |
| 5. | НДП – Национална демократска преродба | Доставен | Доставен | Доставен |
| 6. | ЛДП – Либерално – демократска партија | Доставен | Не е доставен | Не е доставен |
| 7. | ПОДЕМ – Партија на обединетите демократи за Македонија | Не е доставен | Не е доставен | Не е доставен |
| 8. | ВМРО – НП ВМРО – Народна партија | Доставен | Доставен | Доставен |
| 9. | ППД – Политичка партија Достоинство | Не е доставен | Не е доставен | Не е доставен * Известена, но не го подигнала барањето |
| 10. | НДУ – Национална демократска унија | Доставен | Доставен | Доставен |
| 11. | ПДП – Партија за демократски просперитет | Не е доставен | Не е доставен | Не е доставен |
| 12. | СДУ – Социјалдемократска унија | Доставен | Не е доставен | Не е доставен * Известена, но не го подигнала барањето |
| 13. | ОМ – Обединети за Македонија | Не е доставен | Не е доставен | Не е доставен |
| 14. | КОАЛИЦИЈА – Социјалдемократски сојуз на Македонија и други СДСМ и др. | Доставен | Доставен | Доставен |
| 15. | Европска партија на Македонија | Не е доставен | Не е доставен | Доставен |
| 16. | ДПА – Демократска партија на Албанците | Доставен | Доставен | Не е доставен |
| 17. | КОАЛИЦИЈА – ВМРО – ВМРО – ДПМНЕ и др. | Не е доставен | Не е доставен | Не е доставен |

### *Организаторите на изборната кампања и институциите*

Во согласност со одговорите што ги добивме од институциите, евидентно е дека организаторите на кампањите покажале поголема подготвеност за поднесување извештаи за време на изборите споредено со извештаите за тековното финансирање. Оваа забелешка се однесува пред сè на извештајот за првиот дел од изборната кампања, па така надлежните институции ги добиле извештаите од сите 18 организатори на изборни кампањи. Овој тренд се намалува со извештајот за вториот дел од кампањата, па така Државната комисија за спречување на корупцијата добила вкупно 14 извештаи (78%), а извештаи не испратиле: Социјалдемократската партија на Македонија, Обединети за Македонија, Националната демократска унија и Партијата за демократски просперитет. За еден повеќе, односно 15 извештаи (83%), добиле Државниот завод за ревизија и Државната изборна комисија, при што се јавува мала разлика кај организаторите кои не испратиле извештаи (Социјалдемократската партија на Македонија, Националната демократска унија и Партијата за демократски просперитет). Слична е и состојбата со вкупниот финансиски извештај, па така Државната комисија за спречување на корупцијата добила 14 извештаи (78%), при што обврската не ја исполниле Социјалдемократската партија, Либерално-демократската партија, Националната демократска унија и Партијата за демократски просперитет. Истите партии, со исклучок на Националната демократска унија, не доставиле извештај ниту до Државниот завод за ревизија. Државната изборна комисија не добила вкупни извештаи од Либерално-демократската партија, Партијата на правдата, Партијата за демократски просперитет и Социјалдемократската партија). За жал, најигнорирана институција е Собранието на Република Македонија, до кое вкупните финансиски извештаи ги доставиле само 7 (39%) организатори на кампањи, при што само 4 од нив се дел од актуелниот парламентарен состав (извештаи доставиле Социјалдемократската унија, Коалицијата ВМРО—ДПМНЕ и другите, Демократската партија на Албанците, Демократската унија за интеграција, Обединети за Македонија, ВМРО - народна партија и Социјалдемократскиот сојуз на Македонија).

### *Што најдовме во финансиските извештаи?*

При анализата на добиените извештаи, забележавме повеќе различни недостатоци и возможни прекршоци. Треба да се има предвид дека овој приказ има за цел да ги посочи очигледните недостатоци и дека не е финансиска анализа со елементи на ревизија. Токму затоа се исклучени прашањата во врска со медиумското претставување, како и деталната финансиска анализа. Наша намера е презентирањето на овие забелешки да придонесе кон градењето на сликата за моменталните состојби во областа и да отвори простор за понатамошна дебата.

Првиот очигледен недостаток во целиот процес на известување е формата во која се поднесувани извештаите. Дури 8 организатори на кампањи (44%) финансискиот извештај за првиот дел од кампањата не го поднеле во согласност со пропишаниот образец (Социјалдемократската партија, Политичката партија Достоинство, Националната демократска унија, Демократската унија за интеграција, Социјалдемократската унија и Демократската десница), односно истиот не го пополниле правилно (Националната демократска преродба и Партијата за демократски просперитет). Оваа состојба се менува

во текот на изборната кампања, па така грешката не ја исправиле само 3 организатори на кампањи (Националната демократска унија, Социјалдемократската унија и Демократската десница). Конечно, во пропишаната форма се предадени вкупно 15 вкупни финансиски извештаи (83%). Оваа група ги исклучува Социјалдемократската партија, која воопшто и не доставила извештај, како и Националната демократска унија, која испратила известување во кое се вели: „...поради немање на средства, партијата не одржуваше митинзи, немаше пропаганден материјал и немаше платена политичка програма." Специфична е и состојбата со Обединети за Македонија, кои го испратиле извештајот без печат и потпис, но испратиле и придружно писмо во кое невешто ја објаснуваат неможноста за целосно исполнување на законската обврска, поради притворот на нивниот претседател и овластен потписник за партијата.

Следните прашања што се поставуваат се во врска со видот, висината и времето на прибирање на донациите во изборната кампања. Речиси сите организатори прикажале донации од физички лица чијашто вредност не ги надминува законските ограничувања. Единствено Демократската унија на Албанците евидентирала кумулативно, донација од две физички лица во вредност од приближно 12.000 евра, со што е надмината законската граница. Меѓутоа, за анализа се попроблематични донациите од правните лица, за кои ограничувањата во Законот се изразени во проценти. Оттука, од уредно пополнетиот пропишан образец не може да се види дали донираната вредност од правно лице, изразена во парична вредност, ја надминува дозволената вредност во висина до 5% од вкупниот приход на донаторот во текот на претходната година. Следствено, неопходно е да се направат промени во образецот за извештајот, при што ќе се остави простор за вметнување на релевантни податоци, како на пример завршната сметка за донаторите правни лица. Забележан недостаток е и неутврдувањето на висината на попустот за рекламирање на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија на ТВ А1, иако Законот изречно обврзува парично да се изрази секој попуст.

Понатаму, како спорни се јавуваат и видовите донации. Организаторите на кампањите избегнуваат да ги прикажат членарините како средства трошени во изборната кампања, освен Социјалдемократската унија, која истите ги нотирала како единствен извор на средства. Спорна е и регистрираната донација од Комерцијална банка ад Скопје за коалицијата на СДСМ во вид на кредит. Во таа смисла, се јавуваат различни толкувања во врска со дозволеноста на овој вид донации. Од една страна, дел од експертите со коишто разговаравме сметаат дека Изборниот законик јасно ги наведува забранетите извори на финансирање, како и дозволените извори што подлежат на посебен режим. Кредитот не е ниту во едната ниту во другата категорија, па оттаму не треба да се исклучи како дозволен извор на финансирање. Од друга страна, дел од надлежните институции (Државната комисија за спречување на корупцијата) имаат порестриктивно толкување и сметаат дека кредитот не може да се толкува како донација и не спаѓа во листата легални извори за финансирање на изборните кампањи. Токму можноста да постојат две апсолутно спротивни толкувања, покажува дека во Изборниот законик има недоречености кои оставаат простор за злоупотреби. И покрај тоа што навидум не постои прекршок, сомнителни се и донациите од физички лица, особено кога се работи за исклучително долг список лица (529) кои ја донираат истата сума (60.000 денари) кај коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ.

Евидентирани се и донации кои се примени по истекот на изборната кампања и изборите, и тоа кај Демократската унија за интеграција (во висина од околу 17.500 евра). Во таа смисла, како проблем се јавува и времето кога е дозволено да бидат активни наменските сметки за изборните кампањи. Изборниот законик предвидува затворање на овие сметки по исплатата на надоместокот за трошоците на изборите, што според донесената одлука[37] на Собранието значи најдоцна во рок од три месеци по поднесувањето на финансискиот извештај за изборната кампања, а врз основа на извештајот на Државната изборна комисија за спроведените избори. Оттука, се поставува прашањето дали се возможни и дозволени какви било трансакции преку овие сметки во периодот помеѓу изборите и денот на затворање на сметката, особено во однос на подмирувањето на кумулираните долгови на учесниците во изборите. Се работи за мошне високи суми, почнувајќи од 30.000 евра кај Демократската партија на Албанците, па сè до високите 3.000.000 евра недостаток кај владејачката ВМРО–ДПМНЕ.

Без разлика на сите погореопишани забелешки, најголем недостаток е тоа што не е задолжително верификувањето на вистинитоста на понудените податоци во извештаите, особено за донациите од страна на правни лица. Ниту за организаторите на кампањата ниту за надлежната институција не постои изречна законска обврска во состав на финансиските извештаи да достават, односно да побараат, и банкарски изводи.

## Транспарентност во финансирањето на изборните кампањи – проблеми, карактеристики, трендови

- Недоволно висок процент доставени извештаи до надлежните институции (од 7% до 83% од политичките партии што се јавуваат како организатори на изборните кампањи);
- Недоволно прецизен и детално пропишан образец за финансиските извештаи, што остава простор за давање неточни и/или непотполни информации од страна на организаторите на изборните кампањи;
- Нејаснотии поврзани со видот и висината на донациите поради кои се јавуваат потенцијални прекршоци, и
- Зголемен тренд на неподготвеност на политичките партии што се јавуваат како организатори на изборните кампањи за транспарентно работење и соработка со јавноста (само 35% од организаторите на кампањи одговорија на барањата за информации од ТМ)

[37] Види прилог 3

## НАДЛЕЖНИТЕ ЗА ФИНАНСИРАЊЕТО НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ

Имајќи предвид дека главна цел на овој проект беше да ги утврдиме реалните состојби во врска со финансирањето на политичките партии, сметавме дека е целисходно да оствариме средби со оние институции кои имаат или имале надлежност врз контролата на партиското финансирање и да ги слушнеме нивните ставови за нашите наоди, како и за важечката законска рамка и за препораките на ГРЕКО[38]. Токму затоа, во јануари 2012, одржавме средби со Министерството за финансии, Министерството за правда, Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната изборна комисија, Управата за јавни приходи и Државниот завод за ревизија. На сите овие институции им ги испративме следниве прашања:

- Дали сметате дека последните измени на Законот за финансирање на политичките партии придонесоа кон целосно имплементирање на препораките на ГРЕКО од третиот круг на евалуацијата?
- Во таа смисла, препораката 5 ја претпоставува потребата од воспоставување независно раководно тело, потпомогнато од други тела, со мандат и со соодветни надлежности и ресурси, кое ќе спроведува проактивен и ефективен надзор, истрага и спроведување на регулативата за финансирање на политичките партии. Дали сметате дека новиот член 27, со кој Државниот завод за ревизија се задолжува да поднесе барање за поведување прекршочна постапка или пријава до надлежниот јавен обвинител, доколку утврди неправилности во годишниот финансиски извештај на политичките партии, ја имплементира суштината на препораката 5?
- Новиот Закон за финансирање на политичките партии ја исклучува обврската за политичките партии да поднесуваат квартални извештаи за добиените донации. Дали сметате дека оваа одредба придонесува за зголемување на транспарентноста во финансирањето на политичките партии?
- Политичките партии веќе немаат обврска да го објавуваат регистарот на донации во дневните весници, но се должни истиот да го објават на своите веб-страници и на друг соодветен начин да го направат достапен на јавноста. Имајќи предвид дека голем број активни политички партии во Република Македонија немаат изготвено веб-страници и дека Законот не дава насоки за „соодветниот начин“ на достапност, дали оваа одредба им овозможува на граѓаните реално следење на финансирањето на политичките партии?
- Во Препораката 4 на ГРЕКО се вели дека е потребно да се обезбеди соодветно информирање за важечката регулатива за политичко финансирање на сите политички партии (на пример, преку обезбедување обука/насоки), особено што се однесува на сметководствените аспекти. На кој начин оваа препорака е имплементирана во измените на Законот за финансирање на политичките партии?
- Препораката 1 ја идентификува потребата од воведување јасни одредби што го утврдуваат отпочнувањето на изборната кампања, со оглед на обврската да се има посебна сметка за кампањите и да се изготвуваат финансиски извештаи за кампањите. Понатаму, потребно

38 Види стр. 16

е да се зголеми дозволеното времетраење на посебната банкарска сметка за изборните кампањи, со цел прецизно и сеопфатно да се евидентира целокупната финансиска активност во врска со изборната кампања. Изборниот законик предвидува затворање на овие сметки по исплатата на надоместокот за трошоците на изборите, што според донесената одлука на Собранието значи најдоцна во рок од три месеци од поднесувањето на финансискиот извештај за изборната кампања, а врз основа на извештајот на Државната изборна комисија за спроведените избори. Дали сметате дека оваа одредба е во согласност со препораката 1?

И покрај тоа што не успеавме детално да разговараме за сите овие прашања, сепак добивме објаснувања и мислења за дел од решенијата предвидени со последните измени на Законот за финансирање.

### *Министерство за правда*

Од Министерството за правда, кое е подготвувач на Законот за финансирање, сметаат дека со последните измени на истиот во голема мера се отстранети недостатоците во законската рамка што биле посочени од страна на ГРЕКО, но и од политичките партии и од надлежните институции. За нив, овие измени значат јасно дефинирање на надлежностите на релевантните институции и можност еден орган да спроведе целосна контрола и да преземе соодветни мерки доколку утврди неправилности. Во согласност со поставеноста на органите во правниот систем, стручноста и расположливите финансиски средства, Државниот завод за ревизија се јавува како најсоодветно решение. Во врска со укинувањето на обврските за поднесување квартални извештаи за добиените донации, како и за објавување на регистарот на донации во јавните весници, од ова министерство велат дека овие решенија не водат кон намалување на транспарентноста и јавноста во работењето на партиите. Ова особено се однесува на поднесувањето на извештаите, обврска што во голема мера беше игнорирана од страна на политичките партии.

Генералниот коментар од ова министерство е дека е краток временскиот период за оцена на ефикасноста и целисходноста од примената на Законот за изменување и дополнување на Законот за финансирање со оглед на неговата примена од октомври 2011 година.

### *Министерство за финансии*

Со последните законски измени речиси во целост беа избришани надлежностите на Министерството за финансии во контролата на партиското финансирање. Сепак, за реално претставување на состојбите во врска со финансирањето на политичките партии неопходна беше средба и со ова министерство, бидејќи истото сè до октомври 2011, заедно со Државниот завод за ревизија, во Законот за финансирање беше именувано како орган со надзорна надлежност до кој се доставуваа квартални извештаи за добиени донации и годишните сметки на политичките партии. Понатаму, Министерот за финансии го донесуваше упатство за распределба на јавните средства за финансирање на партиите. Со сегашната законска рамка, Министерството има надлежност само во пропишувањето на правилникот за обрасците за водење на регистарот на донации и годишниот финансиски извештај на партиите. Од

Министерството за финансии велат дека ваквата состојба соодветствува на надлежностите и капацитетите на органот. Нивниот став е дека донесувањето на новиот Закон за финансирање било нужност и дека со измените во потполност се отстранети клучните недостатоци на претходното законско решение и соодветно се имплементирани препораките на ГРЕКО. Овој став го поткрепуваат со фактот дека Министерството за финансии нема ниту инспекциска улога, ниту пак капацитети да ја спроведува истата. За нив, со новиот Закон е јасно дефинирана надлежноста на секоја институција и е постигната концентрација на надлежности во еден орган, односно во Државниот завод за ревизија. Според нив, ова ќе придонесе за поголема ефикасност во контролата, затоа што Државниот завод за ревизија е стручен орган со капацитети и експертиза да изврши соодветна контрола на тековното финансирање и на финансирањето за време на избори. Во таа насока е и нивниот коментар дека не постои ниту потреба ниту пак постојат расположливи средства за формирање нови институции за контрола и ревизија на финансиското работење на политичките партии.

### *Управа за јавни приходи*

Управата за јавни приходи, како даночен орган, примарно ги набљудува партиите од аспект на исполнувањето на нивните даночни обврски, па затоа и улогата на управата во контролата на партиското финансирање е ограничена. Во таа смисла, нејзин став е дека контролата на финансиското работење на партиите треба да биде концентрирана во еден орган, кој има капацитети да изврши ревизија. Оттука, имајќи ги предвид надлежностите и стручноста на Државниот завод за ревизија, но и севкупните услови во државата, новото законско решение се чини соодветно и квалитетно. Во врска со исклучувањето на обврската за поднесување квартални извештаи за добиените донации, според Управата досегашното искуство покажало дека таа одредба немала значаен ефект, пред сè заради непочитувањето на истата од страна на најголемиот број политички партии, но и поради тоа што за целисходна контрола е доволно донациите да се анализираат еднаш годишно. Меѓутоа, од Управата за јавни приходи забележуваат дека нема потреба годишните сметки на политичките партии да се доставуваат до нив, бидејќи тие податоци, како и за сите даночни обврзници, Управата автоматски ги презема од Централниот регистар, во форма соодветна за обработка. Во врска со исклучувањето на обврската на партиите за објавување на регистарот на донациите во дневните весници, Управата смета дека начелото на транспарентност е испочитувано со тоа што тие и Државниот завод за ревизија имаат обврска да ги објавуваат извештаите за партиските донации на своите веб-страници.

Конечниот генерален коментар на Управата е дека со новиот Закон за финансирање е нотиран прогрес во областа, меѓутоа треба да се има предвид дека ниту едно законско решение не е совршено и дека секогаш постои простор за подобрување. За нив е важно дека имаат добра соработка со Државниот завод за ревизија и со другите надлежни институции.

### *Државна изборна комисија*

Главна задача на Државната изборна комисија е подготовка и спроведување на изборите

и вршење надзор над работата на изборните органи. Оттука, улогата на овој орган во контролата на финансирањето на партиите е лимитирана на финансирањето во време на изборите. Изборниот законик вели дека организаторите на кампањите треба да ги достават финансиските извештаи за изборните кампањи и до оваа институција, но од Државната изборна комисија велат дека нивната обврска оди дотаму што ги примаат извештаите и ги објавуваат на својата веб-страница. Понатамошна анализа на содржината на извештаите не може да биде направена поради тоа што Комисијата нема ниту изречна надлежност, ниту пак соодветни капацитети за тоа. Меѓутоа, оттаму напоменуваат дека контролата не изостанува, бидејќи Државниот завод за ревизија има целосна надлежност да ги анализира погореспоменатите извештаи и доколку утврди неправилности да иницира соодветни постапки.

### *Државна комисија за спречување на корупцијата*

Државната комисија за спречување на корупцијата има конкретни надлежности и во врска со тековното финансирање и во врска со финансирањето на политичките партии за време на изборите. Оттука, оваа комисија има право и обврска да биде активен фактор во контролата, но и во формулирањето на препораките за подобрување на состојбите во партиското финансирање. Токму затоа, во оваа институција сметаат дека со годишната програма, а и со изготвената информација[39] во врска со предвремените парламентарни избори во 2011, успеале квалитетно да одговорат на овие задачи, користејќи ги докрај важечките законски норми и истовремено согледувајќи ги слабостите и правните недоречености и празнини.

Во врска со тековното финансирање на партиите, надлежноста за покренување иницијативи за контрола произлегува од Законот за спречување на корупцијата, меѓутоа забележуваат отсуство на соодветна поддршка во другите закони што ќе овозможи целосно остварување на оваа надлежност. Во таа смисла, потребна е измена на Законот за финансирање и воведување полугодишни финансиски извештаи за политичките партии, како и обврска годишниот финансиски извештај да се доставува и до оваа комисија. Исто така, потребна е и измена на Законот за банките, која ќе овозможи достапност до банкарските изводи од жиро-сметките на политичите партии.

Што се однесува до воведената извештајност во изборниот процес, од комисијата го критикуваат високиот формализам што не води до целосен увид во реалните финансиски средства, нивните извори и намени, што влијае на ефикасното надлежно санкционирање на прекршувањето. За надминување на овој проблем препорачуваат измена на Изборниот законик и на Законот за финансирање на политичките партии, во насока на изработка на наменски образец за изборниот извештај, приспособен на видот на приходите по извори и видот на расходите по намени. Државната комисија за спречување на корупцијата формулирала и низа други препораки што ќе ја зголемат транспарентноста во финансирањето за време на изборите, како што се: воведувањето обврска за организаторите на изборната кампања заедно со финансиските извештаи да ги достават и своите жиро-сметки отворени за изборната кампања; обврската за организаторите на изборната кампања да ги достават завршните сметки за финансиското

[39] И Н Ф О Р М А Ц И Ј А за примената на законските прописи во предвремените парламентарни избори 2011 во врска со прашања за кои е надлежна Државната комисија за спречување на корупцијата, Државна комисија за спречување на комисијата, октомври 2011 година

работење на правните лица - нивни донатори во текот на претходната година; затворање на наменската жиро-сметка со денот на поднесување на финалниот финансиски извештај, и обезбедување можности за проверливост на податоците за донациите од страна на физичките лица. Исто така, Државната комисија за спречување на корупцијата укажува на тоа дека изборните донации треба да се прибираат во точно утврден период пред изборната кампања и да се водат на посебна потсметка, од која би биле трансферирани на наменската жиро-сметка за изборната кампања, како и на потребата од намалување на рамката на максимално дозволените лимити на средства што можат да се потрошат за изборната кампања. Во финансирањето на медиумското претставување да се оневозможат попустите што сега не можат да се контролираат, а со кои се пречекоруваат законските лимити за донирање. За нив е клучно дека на одлуката за распределба на буџетските средства врз основа на освоените мандати на изборите треба да и претходи ревизија на финансиските извештаи на организаторите на изборната кампања[40]. Во изработената информација констатирале неправилности кај повеќе субјекти, па во моментов се работи на повеќе иницијативи за поведување постапки. Оттаму уверуваат дека во најскоро време истите ќе бидат доставени доналежните институции.

### *Државен завод за ревизија*

Државниот завод за ревизија се јавува како клучна институција надлежна за контрола на тековното партиско финансирање и финансирањето на партиите за време на изборите, во согласност со Изборниот законик и последните измени на Законот за финансирање. Поголем дел од погореспоменатите институции го сметаат ова решение за соодветно, но од Државниот заводот за ревизија посочуваат на неусогласености на наведените законски решенија со Законот за државна ревизија, со кој се утврдени нивните надлежности. Од Заводот велат дека со Годишната програма за 2011 година направиле напори да опфатат што поголем број на политички партии, вкупно 17 политички партии и за нив ќе издадат 23 ревизорски извештаи. Меѓутоа, клучен проблем се лимитираните капацитети на оваа институција. Во моментов ревизорската функција можат да ја извршуваат 76 ревизори за приближно 1.400 субјекти во државата, за кои Државниот завод за ревизија има мандат. Останува отворено прашањето дали оваа институција ќе може да одговори на новите задачи.

Во врска со ревизијата на финансиските извештаи за изборната кампања за предвремените парламентарни избори во 2011 година и за редовното работење на политичките партии, ревизорските извештаи сè уште не се конечни. Сепак, од Државниот завод за ревизија посочуваат дека во извештаите се утврдени системски слабости за кои не сакаа да коментираат до објавувањето на ревизорските извештаи, но укажаа на системската слабост која била дел од извештаите и во минатите години а се однесува на неусогласеноста на времетраењето на наменските жиро-сметки и рокот за поднесување на финансиските извештаи од изборната кампања.

---

[40] Државна програма за превенција и репресија на корупцијата, Државна програма за превенција и намалување на појавата на судир на интереси, со Акционен план 2011 – 2015 година, Државна комисија за спречување на корупцијата, декември 2011 година

# ЗАКЛУЧОЦИ

## Моментална состојба

Од направената анализа може да се изведат неколку општи заклучоци. Најнапред, можат да се идентификуваат повеќе недостатоци во законската рамка, а исклучително е поразителен фактот што овие недоследности не беа во целост адресирани со измените на Законот за финансирање.

Особено е важно да се нотира непочитувањето на нормите и од страна на политичките партии, но и од надлежните институции, во врска со тековното финансирање. Ваквата забелешка беше вметната и во Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија во 2011[41]. Висок процент од регистрираните политички партии, односно организаторите на изборните кампањи, не поднесуваат финансиски извештаи до надлежните институции. Битно е да се забележи дека постои разлика во почитувањето на овие одредби кога станува збор за тековното финансирање и за финансирањето на изборната кампања, односно процентот на исполнители на обврските се движи од приближно 11% од регистрираните политички партии, споредено со приближно 83% од организаторите на изборните кампањи. Веројатно ова се должи на фактот дека за време на изборите политичкиот влог е многу поголем, па партиите што се натпреваруваат покажуваат поголема подготвеност за почитување на Законот.

Меѓутоа, уште поалармантен е фактот дека наместо да поведат постапки и да го санкционираат ваквото однесување на партиите, надлежните институции иницираа промена на Законот за финансирање на политичките партии, со кој се намалуваат обврските на партиите за поднесување извештаи. И покрај тоа што голем дел од институциите не се согласуваат со ова, ние сметаме дека обврската на политичките партии за поднесување квартални извештаи за добиените донации беше соодветна и во насока на зголемување на транспарентноста во финансирањето на истите. Ова задолжение овозможуваше потемелно следење на финансиските активности на политичките партии, како од страна на надлежните институции, така и од страна на граѓаните. Кварталните извештаи им овозможуваа на одговорните тела да ги увидат сите возможни неправилности во текот на целата година и соодветно да реагираат, во согласност со предвидените законски одредби. Притоа, оваа обврска не претставуваше значителен финансиски товар за партиите, туку напротив им користеше во смисла на тоа дека ги поттикнуваше на континуирано и законско водење на финансиските работи. Од друга страна, кварталните извештаи за добиените донации им овозможуваа на граѓаните постојано да го следат приливот на средства кај политичките партии, со што во вистинска смисла на зборот, а не само декларативно, можеше да се обезбеди транспарентност во овој значаен сегмент од политичкото дејствување.

Во иста насока е и забелешката околу исклучувањето на обврската за објавување на регистарот на донации на политичките партии во дневните весници. Со донесените измени, обврската за објавување се ограничи на веб-страниците на политичките партии и се додаде „и на друг начин да го направат достапен за јавноста", решение што е сосема нејасно. Проблемот со оваа обврска е во тоа што значителен

[41] Работен документ на службите на Комисијата, Извештај за напредокот на Република Македонија 2011, во прилог на соопштението на Комисијата до Европскиот парламент и Советот, Стратегијата за проширување и главните предизвици 2011–2012 {КОМ(2011) 666}, Европска комисија, Брисел, 12.10.2011, СЕЦ (2011) 1203

број активни политички партии во Република Македонија немаат изготвено веб-страници, па одлуката за тоа како ќе и овозможат на јавноста да има увид во регистарот на донациите останува на нив, без да им се дадат соодветни насоки како да го направат тоа. Оттука, реално е да се очекува дека обврската за јавност на добиените донации, споредено со сегашните состојби, ќе биде уште позанемарена. Неприфатливо е на граѓаните да им се ускрати или да се намали можноста за континуирано следење на овие значајни информации.

Првичните анализи што ги направивме некаде на средината на проектот покажаа дека не е јасна улогата на секоја од надлежните институции, што беше можна причина за нивниот летаргичен однос, особено во однос на тековното финансирање. Во последниот извештај за напредокот на РМ, Европската комисија како несоодветни ги дефинираше не само законската рамка, туку и мерките што ги преземаат институциите. Оттука, во Извештајот беше идентификувана потребата од измена на важечките закони, но и неопходноста од суштествена и активна соработка меѓу надлежните институции[42]. Важно е да се забележи дека со донесувањето на новиот Закон за финансирање се покажа иницијатива за исправање на овие забелешки, но за жал не се создадоа услови за суштинска контрола на партиското финансирање. Имено, сега Државниот завод за ревизија е институцијата што го врши целокупниот надзор на финансирањето, но притоа не се обезбедени доволни законски и материјални услови за извршување на оваа задача. Со оваа одредба не се зајакнува доволно контролата врз финансиското работење на партиите, а она што е навистина поразително е дека со оваа измена на Законот, инаку трета по ред не се предвидува задолжителна ревизија на финансиското работење на истите. Имено, во согласност со Законот за државна ревизија[43], државниот ревизор изготвува годишна програма со која се утврдува кои политички партии ќе подлежат на ревизија во тековната година. Така, за 2011 година државниот ревизор одлучил да изврши ревизија на десет политички партии[44], додека во Република Македонија во првата половина на 2011 година[45] беа активни педесет и пет политички партии запишани во Единствениот судски регистар на политичките партии. Програмата за 2012 година не предвидува ревизија на ниту една политичка партија[46]. Во таа смисла, а во согласност со препораката бр. 5 на ГРЕКО, следува дека Република Македонија, односно Министерството за правда и Министерството за финансии, треба да обезбедат соодветни средства и помошни тела кои ќе можат да изведуваат целосна и ефикасна контрола, притоа имајќи ги предвид обврските и обемот на надлежностите на Државниот завод за ревизија. Постојното решение остава впечаток за несериозен и некоординиран пристап на релевантните институции и непостоење на политичка волја за целисходна контрола.

Токму поради тоа, ние поднесовме барање до Собранието за поведување јавна дискусија за Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за финансирање, на која би се дискутирало за сите пропусти предвидени со измените. За жал, нашето барање беше во целост игнорирано.

Сериозни се и забелешките на законските решенија во врска со финансирањето на изборните кампањи. Најнапред, проблематични се законски пропишаните обрасци за поднесување на извештаите. Од една страна, партиите одбираат да ги игнорираат и да поднесуваат извештаи во форма што ним им се чини соодветна. Од друга страна, обрасците не се доволно прецизни и опширни, па оставаат простор за

---

[42] ibid

[43] Член 9 и член 22, Закон за државната ревизија, Службен весник на РМ, бр. 66/2010

[44] Годишна програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2011 година, декември 2010

[45] Состојба од 13.5.201

[46] Годишна програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2012 година, декември 2011

запишување на недоволни и/или неточни информации.

Понатаму, постојат можности за заобиколување на целта поради која постојат ограничувања на донациите во кампањата, како и на забраната за финансирање од анонимни извори. Оваа неапсолутна бројка доведува до нарушување на принципот на еднаквост во изборниот натпревар, бидејќи 5% од приходот може да биде многу мала, но и сериозно голема сума, која зависи од успешноста на потенцијалниот донатор. Исто така, несоодветно е физичките лица кои се донатори да немаат обврска да покажат покритие, односно потекло на средствата што ги донираат. Фактот дека овие средства не подложат на никаква проверка овозможува појава на тајни донатори, што е во спротивност со законските одредби. Пропуст е и тоа што никаде не е дефинирано колкави средства од членарината од редовната сметка на политичките партии смеат да се префрлаат на сметката за изборите.

Особено проблематични се и наменските сметки за изборните кампањи, односно нивното времетраење и можноста за трансакции преку нив во периодот помеѓу доставувањето на вкупниот финансиски извештај за изборната кампања и исплатата на надоместокот за изборните трошоци. Имајќи предвид дека Државниот завод за ревизија прави ревизија на состојбите што се прикажани во вкупниот извештај, наменските сметки во период од најмногу два и пол месеца по изборите не подлежат на изречна контрола. Овој системски пропуст го евидентираат и од Државниот завод за ревизија и од Државната комисија за спречување на корупцијата.

Што се однесува до подготвеноста на политичките партии да работат јавно и транспарентно, и тука се соочивме со поразителни резултати. Најпрвин, голем број од политичките партии се недостапни за јавноста, бидејќи не е возможно да се пронајдат нивните податоци за контакт, иако станува збор за политички партии, односно организатори на изборни кампањи, кои имаат помало или поголемо влијание во политичкиот живот[47]. Оттука, постои сериозна потреба да се променат одредбите врзани за регистрацијата и пререгистрацијата на политичките партии.

Она што особено загрижува е фактот дека политичките партии, односно организаторите на изборните кампањи, не се подготвени за транспарентно работење и соработка со граѓанскиот сектор. Процентот на одговори на барањата што ги упативме е исклучително низок и се движи од најмалку 11% од регистрираните политички партии до најмногу 35% од организаторите на изборните кампањи. Ваквиот тренд е показател за неразвиените демократски процеси во општеството и е уште еден индикатор за потребата од проекти во врска со финансирањето на политичките партии. Згора на тоа, Комисијата за слободен пристап направи сосема неоправдан преседан и ги исклучи политичките партии од листата на иматели на информации од јавен карактер. Ваквата одлука несомнено ќе влијае на нивото на транспарентност во финансирањето на политичките партии.

## Потребно е засилување на контролните механизми

И покрај тоа што измените во Законот за финансирање и во Изборниот законик се од понов датум, неопходно е да се исправат погореобјаснетите системски пропусти.

Понатаму, покрај овие забелешки, генерален недостаток на Законот за финансирање е минималното усвојување на препораките на ГРЕКО. Препораката 4 е целосно занемарена, што го доведува

---

[47] Види стр. 18

во прашање имплементирањето на законските одредби поврзани со финансирањето на политичките партии. Токму препораката 4, која се однесува на изнаоѓањето начини за информирање и обучување за сметководствените аспекти на политичките партии, е важен предуслов за целосно почитување на законите од оваа област и за непречено и ефикасно дејствување на надлежните институции. Во Законот недостига одредба за уредување на оваа обврска која, по примерот на Законот за спречување на перењето пари и други приноси од казниви дела и финансирање на тероризам, би можела да биде регулирана со обврската за помагање и учествување во усовршувањето на одговорните лица од политичките партии од аспект на сметководствените аспекти.

Во таа насока е и препораката 6, која ги нотира недостатоците во механизмот за примена на казнените мерки во случај на повреда на правилата за политичко финансирање. Предвидените измени не вклучуваат подобрување на овој механизам, што е уште една потврда за исклучително декларативната определба да се подобри и целосно да се уреди финансирањето на политичките партии. Меѓутоа, она што најмногу загрижува е дека може да се претпостави постоење на премолчена согласност меѓу политичките партии да не се создаде силен контролен механизам за партиското финансирање, што во голема мера ги нарушува демократските процеси во државата.

Токму затоа е потребно континуирано набљудување и укажување на слабостите во финансирањето на политичките партии

# ПРИЛОГ 1

1

**Основен суд Скопје II Скопје**
**03 Су.бр.1259/2011**
**13.05.2011 година**
**Скопје**

**До**
**Транспарентност Македонија,**
бул.Илинден бр.50 Скопје
преку Ана Јаневска Делева, извршен директор

**Предмет: Известување**

**Врска:** Ваше Барање за пристап до информации од јавен карактер од 03.05.2011 година.

Основниот суд Скопје II Скопје во врска со Вашиот допис под наведениот број и датум, а согласно запишаните податоци во Единствениот судски регистар на политички партии, Ви достави фотокопија од - **Листата** на регистрирани политички партии во РМ, запишани во Единствениот судски регистар на политички партии, кој се води во Основниот суд Скопје 2 Скопје, заклучно со 12.05.2011г.

Политичките партии од реден број 1 заклучно со реден број 55 **се усогласени** со Законот за изменување и дополнување на Законот за политички партии (Сл. Весник бр.5 од 2007 година, бр.8 од 2007 година и бр.5 од 2008 година).

1. Нова Алтернатива - скратено име : НА
   ул. Митрополит Теодосиј Гологанов бр. 104 - Скопје

2

2. Социјалдемократски сојуз на Македонија - скратено име : СДСМ
ул. Бихаќка бр.8 – Скопје

3. Демократска партија на Турците на Македонија
бул. Кочо Рацин бр. 38/3-18 - Скопје

4. ВМРО -Демократска партија за македонско национално единство
- скратено име : ВМРО - ДПМНЕ
ул. Македонија бр.17-а - Скопје

5. Социјалистичка партија на Македонија - скратено име : СПМ
бул. 11 Октомври бр.17 - Скопје

6. Странка на демократска акција на Македонија - скратено име : СДА
ул. Ќемал Сејфула-бб - Скопје

7. Македонска алијанса
ул. Народен Фронт бр. 5 локал 7, - Скопје

8. Либерално-Демократска партија - скратено име : ЛДП
бул. Партизански Одреди бр.2, - Скопје

9. Сојуз на ромите од Македонија
ул. Вашингтонска бр. 67 - Скопје

10. Партија на пензионерите на Р. Македонија
ул. Никола Кирев-Мајски, бр.57 - Скопје

11. Либерална партија на Македонија;
ул. Васко Каранѓелески-бб - Скопје

12. Обединета Партија за Еманципација - скратено име : ОПЕ
ул. Че Ге Вара бр. 37 - Скопје

13. Демократски сојуз - скратено име : ДС

ул. Стале Попов бр. 9 локал 4 – Скопје

14.ВМРО-Демократска партија - скратено име : ВМРО-ДП
ул. Ѓуро Стругар бр.15-а - Скопје

15.Партија за движење на Турците во Македонија - скратено име : ПДТ
ул.Пушкарска бр.33, локал 5, - Скопје

16. Демократска партија на Србите во Македонија - скратено име : ДПСМ
ул.27-ми Март бр.11 – Скопје

17.Партија на Власите од Македонија
ул. Првомајска-бб ОпштинаКисела Вода барака 2 соба 5 – Скопје

18.Партија на правдата
бул. АВНОЈ бр.74-а - Скопје
Претседател Бојо Андрески од Скопје,

19.Социјал демократска партија на Македонија - скратено име : СДПМ
бул.ЈНА бр.54 /1-1 - приземје – Скопје

20.Српска напредна странка во Македонија - скратено име : СНСМ
ул.Даме Груев бр.10 – Скопје

21.Демократска лига на Бошњаците во Македонија- скратено име : Д.Л.Б.М.
ул. Џон Кенеди бр.12 – Скопје.

22.Народно движење за Македонија - скратено име : НДМ
ул. Даме Груев бр.10 - Скопје.

23.Демократски сојуз на Власите од Македонија - скратено име : ДСВМ
ул. Раде Кончар, бр.2 – Скопје

24.Демократска унија за интеграција - скратено име : ДУИ
ул. Панче Неделковски, бр.47 - Скопје

25.ВМРО-Обединета - скратено име : ВМРО-ОБ
ул. Сава Ковачевиќ бр.24/12 - Скопје

26. Трајно Македонско Радикално Обединување - скратено име : ТМРО
ул. Луј Пастер бр.5 – Скопје

27. Европска партија на Македонија
бул. Илинден бр. 12 - Скопје

28. Демократски Сили на Ромите - скратено име : ДСР
ул. Шуто Оризари бр.56 - Скопје

29. ВМРО-Народна партија - скратено име : ВМРО-НП
ул. Ѓуро Ѓаковќ бр. 64 - Скопје

30. Нова социјал демократска партија - скратено име : НСДП
ул. Даме Груев бр.7 - Скопје

31. Партија за интеграција на Ромите - скратено име : ПИР
ул. Никола Тесла, бр.16-3/1 - Скопје

32. Партија за европска иднина - скратено име : ПЕИ
ул. Водњанска бр.23 - Скопје

33.Сојуз на Титови Леви Сили- скратено име : СТЛС
ул. Железничка бр.47- Скопје

34.Демократска обнова на Македонија - скратено име : ДОМ

ул.Никола Вапцаров бр.18/1 - Скопје

35.Татковинска Македонска Организација за Радикална Обнова Вардар-Егеј-Пирин - скратено име : ТМОРО-ВЕП.
ул. Финска бр.19 – Скопје

36. Национална Демократска Унија - скратено име : НДУ
ул. Цветан Димов бр. 81 - Скопје

37. Партија на Слободни Демократи - скратено име : ПСД
ул. Македонија бр.29-а – Скопје

38. Сојуз на Еѓипќани - Охрид
ул.Гоце Делчев бр.62-а - Охрид

39. Демократска партија на Албанците - скратено име : ДПА
ул. Градски Плоштад Тетово бр. 15/1 - Тетово

40.Партија за целосна еманципација на Ромите - скратено име : ПЦЕР
ул.Иво Лола Рибар - бб – Тетово

41. Демократска Унија на Ромите - скратено име : ДУР
ул.Тризла бр.155 - Прилеп

42. Демократска Унија на Албанците - скратено име : ДУА
ул.Браќа Миладинови бр.161- Тетово

43. Социјал Демократска Унија - скратено име : СДУ
ул.„Коста Шахов“ бр.12/2 - Скопје

44. Партија на Обединети Демократи на Македонија - скратено име : ПОДЕМ
ул.„Огњан Прица“ бр.1/1-6 и 7 - Скопје

45. Демокрациа е ре - Партија за Нова Демократија

ул. Христијан Тодоровски Карпош бр. 94-а - Скопје

46.Обединети за Македонија - скратено име : ОМ
ул.„Даме Груев“ бр.28 – 4 кат - Скопје

47. Нова либерална партија - скратено име : НЛП
ул.„Маршал Тито“ бр.33/1 - Скопје

48. Партија за демократски просперитет- скратено име : ПДП
ул.Јане Сандански бр.80/2 – Тетово

49. Партија за демократска акција - Вистински пат
ул. Илинденска бр.191- Тетово

50. Движење на национално единство на Турците
ул.Илинденска бр.52 - Гостивар

51. Национална Демократска Преродба - скратено име : НДП
ул.Битпазарска бр.60 - Скопје

52. Демократска Десница - скратено име : ДД
ул.Владимир Комаров бр.1а 4/15 – Скопје

53. Политичка партија Достоинство - скратено име : ППД
ул.Ацо Караманов бр.17 – Скопје

54. „Републиканска Алијанса“ - скратено име : „РА“
ул.Владимир Комаров бр.18 Б – Скопје

55. Санџачка Лига - скратено име : СЛ
ул.Радишанска бб – Скопје

Политичките партии од реден број 56 заклучно со реден број 79 **не се усогласени** со Законот за изменување и дополнување на Законот за политички партии (Сл. Весник бр.5 од 2007 година, бр.8 од 2007 година и бр.5 од 2008 година).

56.Републиканска партија за народно единство - скратено име : РПНЕ
ул.„II-ра Македонска Албанска Бригада"
Комплекс - Треска 15/4 – Скопје

57.Македонска обединителна партија - скратено име : МОП
бул.Јане Сандански бр.Б-54/1-6 – Скопје

58.Демократска алтернатива - скратено име : ДА
ул. Даме Груев бр.1 – Скопје

59.МААК - Единствена Македонска Опција - скратено име : МААК-ЕМО
ул. Јордан Хаџиконстантинов - Џинот бб – Скопје

60.Работничко земјоделска партија на Република Македонија
ул. Неготинска бр.32 - Скопје

61.ВМРО - Вистинска македонска реформска опција
- скратено име : ВМРО-Вистинска
ул. Горноврановска бр.122 – Скопје

62.Партија за демократско единство на Албанците - скратено име : ПДЕА
ул.Аврам Писевски бр.42-а Скопје

63. Бошњачка демократска партија - скратено име : БДП
ул. Беласица-бб - Скопје

8

64.Нова демократија - скратено име : НД
ул.Виктор Иго бр. 6-а, - Скопје

65.Демократска муслиманска партија - скратено име : ДМП;
ул. Мито Хаџивасилев бб, Комплекс НИП Нова Македонија - Скопје

66.Демократски сојуз на Србите во Македонија - скратено име : ДССМ
ул.Никола Русински бр.3 А-2/15 - Скопје

67.Демократска партија „Напред Македонијо-Форца"
бул.Партизански одреди бр.74/31 - Скопје

68.Републиканска партија на Македонија
ул.Борка Талески бр.12-Б - Скопје

69.ВМРО - Македонска
ул. Македонија бр.6 - Скопје

70.Партија на зелените
ул. Козле бр.16-Б – Скопје

71.Демократски центар - скратено име : ДЦ
ул. Салвадор Аљенде бр.13 - Скопје

72.Преродба и обединување на Македонските национални идеали
- скратено име : ПОМНИ
ул. Даме Груев бр.7 - Скопје

73.Македонски обединети сили-Семакедонска работничка партија
- скратено име : МОС - СРП.
ул. Ѓурчин Кокале бр. 28-а - Скопје

74.Движење за обнова на Македонија - скратено име : ДОМ
ул. Орце Николов бр.72 - Скопје

9

75.Демократска интеграција на Ромите - скратено име : ДИР
ул Вашингтонска бр.69-а – Скопје

76.Центар на демократските сили
бул.Јане Сандански бр.62/3-5 - Скопје

77.Реформирана комунистичка партија на Македонија - скратено име : РКПМ
ул.Ѓорче Петров бр.24 - Скопје

78.Демократско - републиканска унија на Македонија - скратено име : ДРУМ
ул.Даме Груев бр.5 – Скопје

79.Национална алтернатива - скратено име : НА
бул. Крсте Мисирков, зграда 1, влез 1, спрат 5
ГТЦ Мавровка – Скопје

**13.05.2011г.**
**Скопе**

## ПРИЛОГ 2

| ИМАТЕЛИ НА ИНФОРМАЦИИ | ИСПРАТЕНИ БАРАЊА |
|---|---|

***Прв бран испратени барања до***

<table>
<tr><td rowspan="2">Регистрирани политички партии (55)</td><td>Фотокопија од Годишниот финансиски извештај за 2010, согласно член 27 и член 27-а од Законот за финансирање на политичките партии и број на Службен весник на РМ во кој истиот е објавен согласно став 2 од член 27-а од Законот за финансирање на политичките партии.</td></tr>
<tr><td>Фотокопија од првиот квартален извештај за 2011, согласно член 25 од Законот за финансирање на политичките партии, доставени до Министерството за финансии, Управа за јавни приходи и Државниот завод за ревизија.</td></tr>
<tr><td>Министерство за финансии</td><td>Фотокопија од првиот квартален извештај од 2011 година на сите политички партии во РМ кои истиот го доставиле, согласно член 25 од Законот за финансирање на политичките партии. И Листа на политички партии кои не ја исполниле обврската согласно член 25 од Законот за финансирањето на политичките партии</td></tr>
<tr><td>Министерство за Управа за јавни приходи</td><td>Фотокопија од првиот квартален извештај од 2011 година на сите политички партии во РМ кои истиот го доставиле, согласно член 25 од Законот за финансирање на политичките партии. И Листа на политички партии кои не ја исполниле обврската согласно член 25 од Законот за финансирањето на политичките партии</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Државен завод за ревизија</td><td>Фотокопија од Годишните финансиски извештаи за 2010 на сите политички партии во РМ, согласно член 27 од Законот за финансирање на политичките партии. И Листа на политичките партии кои не ја исполниле обврската согласно член 27 од Законот за финансирање на политичките партии</td></tr>
<tr><td>Фотокопија од првиот квартален извештај од 2011 година на сите политички партии во РМ кои истиот го доставиле, согласно член 25 од Законот за финансирање на политичките партии. И листа на политички партии кои не ја исполниле обврската согласно член 25 од Законот за финансирањето на политичките партии</td></tr>
</table>

***Втор бран на испратени барања***

<table>
<tr><td>Организатори на изборни кампањи</td><td>Фотокопија од финансискиот извештај за приходите и расходите на жиро-сметката за изборна кампања од денот на нејзиното отворање до крајот на десеттиот ден од изборната кампања, за изборите на 5 јуни 2011, согласно член 84-б од Изборниот законик</td></tr>
<tr><td>Државна изборна комисија</td><td rowspan="3">Фотокопија од финансискиот извештај за приходите и расходите на жиро-сметката за изборна кампања од денот на нејзиното отворање до крајот на десеттиот ден од изборната кампања, за изборите на 5 јуни 2011, согласно член 84-б од Изборниот законик на сите политички партии во РМ кои истиот го доставиле. И листа на политички партии кои не ја исполниле обврската согласно член 84-б од Изборниот законик.</td></tr>
<tr><td>Државен завод за ревизија</td></tr>
<tr><td>Државна комисија за спречување на корупцијата</td></tr>
</table>

***Трет бран на испратени барања***

<table>
<tr><td>Организатори на изборни кампањи</td><td>Фотокопија од финансискиот извештај за приходите и расходите на жиро-сметката за втората половина од изборната кампања, за изборите на 5 јуни 2011, согласно член 84-б од Изборниот законик</td></tr>
<tr><td>Државна изборна комисија</td><td rowspan="3">Фотокопија од финансискиот извештај за приходите и расходите на жиро-сметката за втората половина од изборната кампања, за изборите на 5 јуни 2011, согласно член 84-б од Изборниот законик на сите политички партии во РМ кои истиот го доставиле. И листа на политички партии кои не ја исполниле обврската согласно член 84-б од Изборниот законик.</td></tr>
<tr><td>Државен завод за ревизија</td></tr>
<tr><td>Државна комисија за спречување на корупцијата</td></tr>
</table>

***Четврт бран на испратени барања***

| | |
|---|---|
| Организатори на изборни кампањи | Фотокопија од вкупниот финансискиот извештај за изборната кампања, за изборите на 5 јуни 2011, согласно член 85 од Изборниот законик |
| Државна изборна комисија | Фотокопија од вкупниот финансискиот извештај за изборната кампања, за изборите на 5 јуни 2011, согласно член 85 од Изборниот законик на сите политички партии во РМ кои истиот го доставиле. И листа на политички партии кои не ја исполниле обврската согласно член 84-б од Изборниот законик |
| Државен завод за ревизија | |
| Државна комисија за спречување на корупцијата | |
| Собрание на Република Македонија | |

***Петти бран на испратени барања***

| | |
|---|---|
| Организатори на изборни кампањи | Фотокопија од вториот квартален извештај за 2011, согласно член 25 од Законот за финансирање на политичките партии, доставени до Министерството за финансии, Управа за јавни приходи и Државниот завод за ревизија. |
| Државна изборна комисија | Фотокопија од вториот квартален извештај од 2011 година на сите политички партии во РМ кои истиот го доставиле, согласно член 25 од Законот за финансирање на политичките партии. И Листа на политички партии кои не ја исполниле обврската согласно член 25 од Законот за финансирањето на политичките партии |
| Државен завод за ревизија | |
| Државна комисија за спречување на корупцијата | |

# ПРИЛОГ 3

Службен весник на РМ, бр. 129 од 23.9.2011 година

**20111292862**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 68 став 2 од Уставот на Република Македонија и членот 86 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" број 40/2006, 136/2008, 44/11 и 51/11), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 21 септември 2011 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИТЕ НА ОРГАНИЗАТОРИТЕ НА ИЗБОРНАТА КАМПАЊА ОД ЧИИ ЛИСТИ НА КАНДИДАТИ СЕ ИЗБРАНИ ПРАТЕНИЦИ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И НА ОРГАНИЗАТОРИТЕ НА ИЗБОРНАТА КАМПАЊА ОД ЧИИ ЛИСТИ НА КАНДИДАТИ НЕ СЕ ИЗБРАНИ ПРАТЕНИЦИ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Со оваа одлука се определува надоместок на трошоците на организаторите на изборната кампања од чии листи на кандидати се избрани пратеници во Собранието на Република Македонија и на организаторите на изборната кампања од чии листи на кандидати не се избрани пратеници во Собранието на Република Македонија.

Член 2

Надоместокот на трошоците на организаторите на изборната кампања од чии листи на кандидати се избрани пратеници во Собранието на Република Македонија, во висина од 15 денари по добиен глас, изнесува:

1. ВМРО-ДПМНЕ (ВМРО - ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА ЗА МАКЕДОНСКО НАЦИОНАЛНО ЕДИНСТВО), СОЦИЈАЛИСТИЧКА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА, ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ, ДЕМОКРАТСКА ОБНОВА НА МАКЕДОНИЈА - ДОМ, ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА ТУРЦИТЕ НА МАКЕДОНИЈА, ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА СРБИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА, СОЈУЗ НА РОМИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА, ОБЕДИНЕТА ПАРТИЈА ЗА ЕМАНЦИПАЦИЈА, ПАРТИЈА НА ПРАВДАТА, СТРАНКА НА ДЕМОКРАТСКА АКЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА – СДА, ПАРТИЈА НА ВЛАСИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА, ПАРТИЈА ЗА ИНТЕГРАЦИЈА НА РОМИТЕ, БОШЊАЧКА ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА – БДП, ДЕМОКРАТСКИ СИЛИ НА РОМИТЕ – ДСР, ТРАЈНО МАКЕДОНСКО РАДИКАЛНО ОБЕДИНУВАЊЕ – ТМРО, НОВА ЛИБЕРАЛНА ПАРТИЈА, НАРОДНО ДВИЖЕЊЕ ЗА МАКЕДОНИЈА, ВМРО - ДП (ВМРО-ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА), ВМРО – ОБЕДИНЕТА ВМРО – ОБ, ТАТКОВИНСКА МАКЕДОНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА РАДИКАЛНА ОБНОВА – ВАРДАР – ЕГЕЈ – ПИРИН – ТМОРО – ВЕП, МАКЕДОНСКА АЛИЈАНСА И ВМРО МАКЕДОНСКА
440.824 добиени гласа X 15 = 6.612.360 денари;

2. СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА (СДСМ), НОВА СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА, ПАРТИЈА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА, ЛИБЕРАЛНА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА, ДВИЖЕЊЕ ЗА НАЦИОНАЛНО ЕДИНСТВО НА ТУРЦИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА, СРПСКА НАПРЕДНА СТРАНКА ВО МАКЕДОНИЈА, ПАРТИЈА ЗА ЦЕЛОСНА ЕМАНЦИПАЦИЈА НА РОМИТЕ, НОВА АЛТЕРНАТИВА, СОЈУЗ НА ТИТОВИ ЛЕВИ СИЛИ, ПАРТИЈА ЗА ДВИЖЕЊЕ НА ТУРЦИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА, ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА СРБИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА, ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА ВЛАСИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА, ПАРТИЈА НА СЛОБОДНИ ДЕМОКРАТИ, ПАРТИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ НА РМ И САНЏАЧКА ЛИГА
368.804 добиени гласа X 15 денари = 5.532.060 денари;

3. ДЕМОКРАТСКА УНИЈА ЗА ИНТЕГРАЦИЈА – ДУИ
115.518 добиени гласа Х 15 денари = 1.732.770 денари;
4. ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА АЛБАНЦИТЕ – ДПА
65.922 добиени гласа Х 15 денари = 988.830 денари и
5. НАЦИОНАЛНА ДЕМОКРАТСКА ПРЕРОДБА – НДП
29.996 добиени гласа Х 15 денари = 449.940 денари.

Член 3

Надоместокот на трошоците на организаторите на изборната кампања од чии листи на кандидати не се избрани пратеници во Собранието на Република Македонија, во висина од 15 денари по добиен глас, кои освоиле најмалку 1,5% од вкупниот број гласови од излезените граѓани на ниво на изборна единица изнесува:

1. ВМРО-НАРОДНА ПАРТИЈА (ВМРО - НП)
26.935 добиени гласа Х 15 денари = 404.025 денари;
2. ДЕМОКРАЦИА Е РЕ – ПАРТИЈА ЗА НОВА ДЕМОКРАТИЈА
19.958 добиени гласа Х 15 денари = 299.370 денари;
3. ЛИБЕРАЛНО – ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА – ЛДП
10.900 добиени гласа Х 15 денари = 163.500 денари;
4. ОБЕДИНЕТИ ЗА МАКЕДОНИЈА - ОМ
7.651 добиени гласа Х 15 денари = 114.765 денари;
5. ДЕМОКРАТСКА УНИЈА НА АЛБАНЦИТЕ - ДУА
2.452 добиени гласа Х 15 денари = 36.780 денари;
6. СОЦИЈАЛ-ДЕМОКРАТСКА УНИЈА - СДУ
242 добиени гласа Х 15 денари = 3.630 денари и
7. ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ДОСТОИНСТВО - ППД
74 добиени гласа Х 15 денари=1.110 денари.

Член 4

Надоместокот на трошоците од членовите 2 и 3 на оваа одлука се исплатува од Буџетот на Република Македонија, најдоцна во рок од три месеци по поднесувањето на финансискиот извештај за изборната кампања врз основа на извештајот на Државната изборна комисија за спроведените избори.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07 - 3888/1
21 септември 2011 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

забелешки: